СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 април 1993 година

Скопје, април година

**ДИСКУТАНТИ ОД ПРВОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 58-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 1.IV.1993 г.**

1. Андов Стојан – 1.
2. Анастасовски Митко – 2, 3, 8, 9, 10, 12, 13, 17, 20, 21
3. Гошев Петар - 51
4. Голубовски Владимир – 29, 30, 31, 33
5. Димова Доста - 1
6. Златанов Ванчо – 44, 46
7. Зимбаков Васил – 44, 46
8. Марковска Ѓулистана - 78
9. Мурати Џеладин - 31
10. Николовски Јован - 47
11. Наумовски Славе - 87
12. Петров Тодор - 64
13. поповски Димитар – 22, 23
14. Положани Мерсим – 23, 28, 31, 32, 33
15. Превала Шабан – 35, 37
16. Стојановски Никола - 62
17. Спировски Ацо – 82, 83
18. Трпеновски Димитар - 39

- продолжува -

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 1 април 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да го утврдиме точниот број на присутните пратеници.

Веднаш нека се повикаат и претставници на Владата.

Ги молам претставниците да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Благоја Чкатроски, Душко Ѓорѓески, Јован Манчевски и Панче Насев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Отворивме расправа.

Дали некој бара збор?

Госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, во извештајот на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство во врска со точката на дневниот ред стои мислење дека со оглед на значењето на прашањето за прием на Република Македонија во ООН, а согласно

уставните овластувања се наметнува потребата претседателот на Републиката Киро Глигоров да се обрати до пратениците на Собрание на Република Македонија.

Јас би го прашала претседателот на Собранието дали вакво нешто е предвидено за оваа точка од дневниот ред и дали се прифаќа оваа сугестија на Комисијата за надворешно- политички прашања и односи со странство.;

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е последна интервенција, молам, вчера ви објаснив дека по Уставот претседателот на Републиката одлучува сам кога ќе се обрати на Собранието, а нему му е достапен и извештајот на Комисијата. Според тоа, извештајот на Комисијата му е доставен и тој ќе одлучи дали и кога ќе се обрати. Молам, ова не е ваше учество во расправата, само прашувате. Вие ќе учествувате после во расправата, сега не се пријавувате.

Почнуваме со расправа.

Господин Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе имам право после да земам пак збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, нема повеќе, ова е се, се што имате.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Апри-ли-ли.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте Ве  молам, сега ви дадов збор и зборувајте. (во салата општа смеа).

Молам, може малку и шега, таков е денот, меѓутоа, имате збор во расправата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Подоцна, подоцна ќе бидете малку изненадени од моето излагање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега еве терајте, за подоцна не може.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ :**

И ќе терам и ќе зборувам.;

Драги дами и господа и сите присутни во салата. Денес преминуваме во една дискусија која треба да докаже дали ние навистина ја сфативме ситуацијата во која се наоѓа нашата држава. Убаво сум ги прочитал извештаите што ни ги даде претседателот на Владата, меѓутоа, барем мене ми се чини дека е скриена една вистина. Е скриена вистината на патот кој го поминавме за овие две години и колку месеци поминаа околу таа, околу признавањето на Македонија, околу државата која ја створивме со сите документи и инструменти кои ги прифаќаше ова Собрание.

Во името на вистината секој треба да ја зборува вистината. Сега има разни пречки кога човек сака да ја каже вистината ако нешто има невистинито во себеси, родено невистинито во себеси тука веќе вистината ја губи смислата.

Јас ќе се повратам на една постара работа. Не метафора. Затоа што сите метафори кои што сум ги рекол тука убаво, не да се фалам, не да се бијам по градите, меѓутоа, убеден сум дека вашите внучиња и деца еден ден убаво ќе обратат внимание и секоја метафора ќе ја проучат. Што рекол Митко Анастасовски во ова Собрание. Секоја метафора си имаше свое

значење. На 2.02. минатата година, односно оваа година јас имав едно пошироко интервју во весникот "Вечер". Многу убаво таму потенцирав и реков дека други ќе ни ја правата државата. Земете го весникот и прочитајте го. Тогаш се насмеавте. Пак се смеете сега. Смејте се колку сакате, вистината е таа што денес ние чекаме некое трето лице да не признае. Значи, не сме толку силни во себеси, не сме толку јаки во аргументите да кажеме дека ние сме тие што сме. Било од која националност да сме. Зошто е тоа така веднаш ќе образложам. Не е претседателот на Републиката и незнам дали ќе треба да зборувам и улогата на претседателот во оваа работа. Некако не ми е згодно, нека ни прости јас ќе го спомнам неговото име. Еден пат реков дека невестата треба да се венча. Така реков. Беше моментот и можеше да се избегнат катастрофалните војни кои станаа сега во просторите на Југославија. Ако беше таа Република во тој момент оттргната. Тука беше и програмската цел на мојата партија на ВМРО. Меѓутоа, тогаш Киро ми рече овде, претседателот на Републиката, се сеќавам убаво не се секирај ќе направиме држава. Јас му поверував и продолжив да му верувам до денес. Меѓутоа, таа желба не ни се исполни, не само мене, туку и на сите вас тука и на сите наши луѓе кои живеат на просторите на оваа наша држава. Зошто тоа беше така? Тоа беше така, затоа што не можат да прават држава двајца, а да дискутираат 120. Држава се прави со тие двајца или тројца колку биле секој со нив се договара за начинот, за патот, затоа што инаку јас молам и италијански да свртам да ви зборувам, но сакам да ме сфатат тие надвор што се. Таа тема е друга. И да примат што се зборува од овие претставници на народот околу консолидацијата на државата која треба да

ја прават тие и каде одат. Меѓутоа, (Досто, те молам ми го одземаш вниманието), тие луѓе како да правеа нешто за себеси и нас не имаат оставено. Откога ги донесовме сите документи кои ни ги бараше во времето претседателот на Републиката, за сите пазари каде што требаше да се направи таа држава односно за сите институции во Европа и надвор од Европа и ОН, јас се сеќавам тој кога рече дајте до среда, дајте до четврток, дајте до петок, а ние сиромаси набрзина така, така^ така, како машини кревај рака, пишувај,давај му и каде отиде којзнае. Огромни средства се потрошени од оваа држава.

На крајот на краиштата што испадна? Кога веќе почнаа да се грешат патиштата на одењето, ние побаравме ова Собрание, не сите вие, ние побаравме човекот кој е на чело на таа надворешна политика да биде сменет. Меѓутоа, од претседателот на Републиката добивме еден негативен одговор и доста цврсто решен да се држи човекот за појасот дека тој може да ја направи државата и рекол б и 10 да ми дадете, пак тој ќе биде избран. Вие сте сведоци на таа можеби драма која подоцна ќе ни се деси. Сега јас тука не навлегувам колку тие луѓе одеа односно трошеа одејќи овде, онде по светот. Но, од тоа немаше никаков резултат. Па на едната Влада дојде другата, човекот си остана и продолжи по тој пат.

Но, една друга трагична работа се јавуваше. Сега се јавува, нека ни прости ПДП-НДП, се јавуваат и меѓунационални трзавици внатре во нашите редови. Затоа што каде што нема мир во една куќа и каде што не може да се гради правилно, нормално ќе почнат и тие нереди.

Со изјавите на некои претставници од ПДП-НДП сакаат тие да го примат тоа како такво или не сакаат почнуваат да се рушат и меѓунационалните односи. Тука имаше изјави, не од сите, туку од по некого

дека и тие бараат територија, уште држава не сме направиле, бараат територија, бараат незнам што, утре ќе се јави некој друг ќе бара, што не е правилно, затоа што јас во времето кога лежев во затвор, знаат господата од ПДП-НДП, можам да ви ги набројам и луѓето, таму ние дискутиравме многу убаво како колеги внатре во Затворот во соба 19 и викаме дека, тие беа тогаш малку бегам од темата но ќе ме извините, постоеше организацијата слична на партијата на ПДП односно НДП. Бевме во собата заедно и многу го памтат сега другарите, има живи од тие мои пријатели, другари по ќелии таму заеднички кога ги решававме проблемите за Македонија и кога викавме дека секој народ ќе си добие или секое малцинство, или секоја помала група на луѓе ќе си ги добијат прав што ги дава Обединетите нации и сите организации што се создаваа подоцна во Европа и во светот. Јас тоа не можам да го одречам, а и беше и во Манифестот на Илинденското востание дека сите луѓе треба во оваа земја, во ова катче да живеат заеднички и не треба да има раздор. Добро, раздорот не е од сега, нека ми прости ПДП-НДП, раздорот се роди уште тогаш кога јас еден пат реков кога се создаваше таа Титова Југославија, таа вештачка држава и уште тогаш чивиите беа удрени, трњата веќе ни беа во нозете да се мразат луѓето еден со друг за да можат да живеат една група од луѓе. Затоа, ќе ги замолам претставниците од ПДП-НДП да обратат внимание тие односи полека да се нормализираат во областите, во местата каде што тој народ е во мнозинство, да живеат убаво и заеднички да ја изградиме и да се бориме да ја изградиме оваа држава безболно, без јадење, без карање итн. Затоа што ако ја оставиме државата како што јас метафорично се изнесував, како јас ја гледам работата во кругот на моите очи, тогаш ни за вас ќе има живот,ни за нас.

И нешто друго. Толку за меѓунационалните односи за кои мислам дека ќе треба понатаму да се поправаат во позитивна смисла согласно Манифестот на Илинден.

Сега што се однесува, мене ме загрижува една друга работа. Мене ме прашуваат луѓето, јас ќе ги прашам сега (пак не ми текнува името на комунистите, не го кажувам тоа така, туку многу тешки се тие зборови, да кажам Либералната партија многу ми е полесно да ја кажам, отколку тоа име, да ми простите тоа некако не ми иде на мислата СДС или како беше, не е важно), еден ме прашува вака, ако би дошло СДС на власт самата, кој би бил претседател на Републиката? Јас отворено ќе ве прашам вас дали вие имате претседател утре за Републиката. Истото прашање ми го поставија и за мојата партија, истото прашаше го поставија и за либералната партија и тн. Меѓутоа, тоа не е прашање за кое ќе ми одговарате вие или јас да дадам одговор. Оваа земја има луѓе и од една, друга и од трета партија да си најдат нешто во редовите на државата за начелото на оваа држава и да го поведат нашиот народ Јас можеби ќе ве задржам малку повеќе, да го води нашиот народ во прогрес и демократија. Јас сум убеден дека еден ден, пак ќе повторам, дека сите сили ќе бидат обединети за доброто на овој народ. Сето тоа старо што е кај нас, ќе се отфрли.

Јас сум малку порадикален, малку сум посамостојателен во мојата партија, а можеби го имам тоа право, нека ми прости претседателот на мојата партија, малку ќе се обратам до Љупчо Георгиевски што си земам за слобода да бидам послободен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде сте слободен. Овде нема партиски власти, само е држава.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Во ред, таа е моја работа зошто тоа го правам. Сакам да кажам дека ми го поставуваат прашањето многу зошто сум толку послободен од другите.

Од сцената исчезнуваат полека, полека некои луѓе. Сакате тоа да го сфатите така или не сакате полека некои луѓе исчезнуваат. Меѓу тие исчезнатите е едно дете кое седеше во првата или во втората клупа тоа е Васил Тупурковски. Јас се чудам и се мислам, јас не се консултирам да ви кажам со никого. А ќе ви кажам зошто. Детево го нема и се прашувам каде е сега детево кое се изгуби и исчезна. Од информациите кои ги добивам Васил Тупурковски е отстранет од политичката сцена. И се прашувам дали истото ќе му се деси утре и на Бранко Црвенковски. Можеби можат убаво да му кажат утре твојот рок заврши и си одиш дома. Тоа не треба да се случува во нашата држава, затоа што колку што ми е познато мене Васил Тупурковски не е ни ВМРО, не е ни социјалист ни либерал, не е ни ништо, но беше еден млад политичар кој се разбираше баш во овие системи кои поминаа и можеби ќе беше корисен да беше во близината наша.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:** (Продолжение)

Некој не допринесуваше во моментите во кои ние сега се наоѓаме во овие кризни времиња. Меѓутоа, што е така, така е. Кога го спомнав ВМРО мојата партија јас сакав да кажам една работа. Улогата на ВМРО и програмските цели на ВМРО се манифестираат врз Манифестот односно се напишани и стојат и во сегашните програмски цели и од времето кога се створаше ВМРО и ова ВМРО-ДПМНЕ. Од тоа ние не можеме да избегаме. Нека ми простат некои, ама тоа е за мене Дури и јас кога ја створав мојата партија ВМРО, во времето ги имав тие цели. Целта ми беше слободна независна и дури неутрална држава Македонија. Можеби мене тогаш ми беа малку мислите и пошироки за обединета Македонија, меѓутоа, тоа може ќе го донесе времето. И улогата денес на мојата партија е јакнење на оваа држава врз демократски принципи, барем за...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде не ги изложуваме програмите на партиите, ве молам.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не, не, чекајте. Ако ја избегнам мојата програма...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашата пратеничка група што застапува.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Тоа е дел од мојата партија, не може да биде туѓа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не бива така, има партии кои не се застапени во Собранието и не можат да се искажат овде.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Секогаш ние велиме пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ бара вонреден состанок во Парламентот денес. Не викаме дека пратениците незнам од која група, од Марс или од Венера. Затоа не ме прекинувајте.

Ние, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не прифаќаме она што е речено до ден денес, јас зборувам така, не прифаќаме она што е направено затоа што не е направено ништо за признавањето на оваа држава. Да се обидеме на чисто. Сега се доведовме во ситуација да бараме Грција што ќе каже. Дали Грција ќе ни го каже името, кумот дали ќе не крсти. Тоа е недозволено. Јас незнам кој човек од оваа држава ќе дозволи некоја друга држава да му дава име бидејќи тоа е спротивно пак на декларациите кои се носени во ОН итн. итн. И сега се прашувам, пак ќе се вратам на второто што го кажав каде се сега тие луѓе кои толку време седат по државите да ни дадат еден извештај,барем толку пати кои сме собрани во ова Собрание да не известат до каде се дојдени. Значи, тие одат до некаде, се враќаат без никакви резултати. И господинот претседател Бранко нека ми извини, и ова што го прочитавте вчера не гледам ништо друго, но гледам или еден почеток, или една алфа или една омега, или крај на почеток. Барем јас така мислам.

Сега надворешната политика е поврзана и со внатрешната политика на оваа земја. Знаете зошто. Еве јас ќе ви објаснам зашто е така. Многу од нашите закони или елементи кои ја бележеа нашата фактичка положба односно држава, државност ние не сме ги прифатиле на времето. Имав само три работи да посочам. Тие привидум се ништо, но се нешто. Еве зошто.

Еден ден јас кога станав и реков тука, после две години секое сабајле кога почнуваше програмата, а две години ние веќе имавме донесено сите тие формалности за признавањето на државата кога станував сабајлето

викаше радиото тука е Југославија, Радио Скопје. Мајката. Две години самостојна држава, тоа можете да го проверите кај сакате, ако имате нека ви донесе, ќе ви ја кажам и датата тука Југославија Радио Скопје. А викаме правиме независна држава. Откако тоа го потенцирав и нешто друго сум рекол пострашно другиот ден Радио Скопје го смени името тука е Македонија Радио Скопје, кое ме радуваше. Ама, две години. Тие се цели две години кои светот го лажевме дека правиме држава, а викавме Југославија. Не помина малку време и тоа сосема случајно, да ви кажам, тие се мали работи а големи работи ги разгледував пликовите, жолтите пликов штембил СФРЈ Југославија. Мајката. СФРЈ Југославија. Станав убаво и му го дадов на Тито Петковски. Тито Петковски го прочита, не го коментирав затоа што чекав момент да го коментирам. И тоа да ви ја кажам вистината. И дојде моментот да ви кажам што работевме. Тие пликови господа шетаа и надвор. И кога ќе го земеш еден Германец мајката овие ни тропаат тука, молат секој ден да ги примиме, а со Југославија ни идат. Кои се овие? Ситна работа, аоголема, исто кога ќе работите вие една формула, бидејќи сте на Машински факултет

(му се обраќа премиерот Бранко Црвенковски)

Ако една грешка направите отиде машината, ќе изгори. Спој ќе избие и завршено. Исто така спој правевме ние со тие акти и на крајот бевме ништожни.

Чека Митко и ги следи работите на Парламентот. Ги следам работите. Убаво ги следам и ве гледам, ве читам. Еден пат реков дали сме сите Македонци и се ова го кажував. Јас се оградив тогаш од ПДП-НДП и од другите и сега се оградувам, и сега се оградувам господа. Некој рече јас сум поголем Македонец, друг рекол јас сум поголем Македонец. Добро, ама една мајка имаше два сина и кога им рекла земете ги стомните и трчајте на

чешмата едниот си играше џамлии, а другиот отишол, тој најмалиот донел вода. Кој е подобар син. Тој што играше џамлии а? Така е, видете луѓе тие работи се многу важни. Не можеме ние да правиме држава а кога ја правиме државата во овие места тука, во првите редови да стојат незаслужни граѓа ни, пазете јас имам почитување према таквите, зашто јас во времето бев малку учесник во НОБ, а гледам тука внатре луѓе кои по некој начин не само што не можат да бидат внатре во ова Собрание, но тие луѓе треба да бидат обвинети и треба да им се бара одговорност, не да се тепаат, бидејќи се пред смртта, но да се бара една одговорност, историјата да ги забележи како такви. А надвор на улицата, околу Собранието беа луѓе кои беа затворени за ВМРО по 15, по 13, 14,9 и 6 години итн. Значи, оние кои треба да се внатре во Собранието, господа не се и не можат да влезат. Е, тие граделе, тие затвори. Кога реков да се соберат коските, се посмеавте. Е, не можеме да бидеме ние поголеми патриоти и поголеми Македонци од Турунџев, од Сугарев, од Питу, од оние кои го даваа животот во Голи Оток, во Централниот затвор и незнам каде и незнам каде. Не може да биде. Не, у мајката. Ќе уаш кога ќе ја немаш својата фамилија и својата татковина. А сега ја имаш и нема да урлаш. Урлат волците во планините. Тоа урлањето не прави нелуѓе. И сега тука може да има новинари од надвор, а ти урлаш. Требаше да урлаш...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам зборувајте вие по вашиот концепт.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Кога му ги кршеа коските, кога умираа тие на Голи Оток, Тие се првоборци, не беа нешто друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се што можете на паузите решете го таму. Овде само на Парламентот се зборува.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас не сакам да обвинувам ама тоа ме боли мене. Мене ако ме прашате јас немам ништо против најблиските народи што се околу нас. И јас сум го рекол и друг пат, ни против Албанците, ни против Бугарите, ни против Србите. Малку имам према Грција за тоа што таму најмладите години сум ги оставил, но не према грчкиот народ, тоа сум го дал во една изјава, јас не можам да одам сега со нозете, знам зошто. Таму ги изгубив моите најмили, го видов татко ми во пламен, дедо ми отепат, ги видов моите браќа ранети, јас ја видов мојата мајка да умира во островите

(зборувајќи удира на говорницата)

Каде што умираа илјадници македонски мајки кои вчера беа увредени тука од некои наши сограѓани. Егејчиштата така направија онака. Тоа е увреда не на егејскиот народ, туку увреда на сите нас. И на нас и на малцинствата и на националностите кои живеат во оваа земја затоа што тие се дел од мојот народ, дел од вашиот народ.

Никоја не ги спомнува имињата на тие што ја ствараат државата, да не го спомнувам ВМРО, затоа што има малку и за тоа да кажам зашто и врз која основа ја градиме ние државата. Никој не ги спомнува нииту АСНОМ-ците кои ја правеа таа држава. Зошто? Затоа што тие ги заклаа, тие што се чукаат во градите денес. Ги убија, или умреа далеку таму по некој остров. Затоа и АСНОМ не го сакаат. Затоа не го сакаа ни Даме Груев, не го сакаа ни Гоце Делчев, не го сакаа ни Турунџев ни Пљачев, ни Чакаларов, ни Ордан Пиперката и незнам кој друг. За нив не беа непријатели, јас ви го

тврдам тоа. За нив беа непријатели сите тие кои ја бараа, како вие што ја барате, како ние што ја бараме Македонија. Смртни непријатели беа. И да се вратаг* на тоа. Кој е поголем Македонец? Поголем Македонец е тој што го тепа Македонецот, или е поголем Македонец тој што е тепан Македонец; Знаете ли која е најголема беда. Најголема беда е човек кој нема држава. Тоа е најсиромавиот човек. Не постои победен човек кој нема своја држава. Имај колку сакаш домови, вили итн., немаш своја држава ти си ништо, ти си безгласна буква. Ти си скитник, меѓу тие сум и јас со вас, да не кажете дека за вас зборувам само, ти си човек без глава, без памет. Исто е, знаете како тоа личи човек без држава? Тоа личи како да се сретнале еден богат човек има глава ум нема, а е дотеран и знае што бара, а еден скромен, скинат човек има ум има памет а не може да зборува. Никој не го слуша. Тоа е народ без држава. Затоа јас уште еднаш се обраќам до Владата, Владата пепел нека станат тие што . . . , затоа што еден народ кога прави држава многу и троши, тоа го знаеме ама да има и резултати, не му бараме ни на Црвенковски ни на друг да враќа пари, но да донесе резултати. Не му бараме на Киро Глигоров да врати пари, туку да даде резултати. Пара1 се јаде, се троши и остава кога да е. Парата се троши, се менува, ораше дедо ми еднаш и наоѓаше купови пари. Беше некој народ тогаш. Да донесе резултати за вас младите и за вашите деца, за моите внучиња и за вашите внучиња. Да ја каже вистината. Господа пратеници јас толку можам. Па, и ние сме луѓе, значи кога човек ја каже вистината едни викаат му се простува 30%, а јас викам дека му се простува се. Да рече луѓе млади ви оставам на вас, одете понатаму, вие барајте чините се што може. Но, тоа да стане побрзо затоа што секој, да не останеме на старата навика да launching речеме денес оставаме за утре. Тоа утре е денес. Тоа не чини. Така треба да настапи господинот претседател, кој не е тука и јас не можам повеќе да зборувам за

него иако имам големи забелешки. Тоа треба да го каже Владата односно одговорните за надворешната политика. А, кога јас зборувам за надворешната политика, за одговорноста на надворешната политика, јас сум најискрен да ви кажам право, незнам ни кои луѓе се, ни од кој систем дојдоа, ни што политички систем градат. Нека ми простат. Ако тие продолжуваат да го јакнат системот и да го лажат светов, а ќе ви кажам зошто така верувам, и веднаш сега да не заборавам, затоа што сме сведоци кога не признаваше една супер- сила, тоа беше Русија, тоа сме го рекле и пак треба да го потенцираме, да не се враќаме повеќе пати на една. иста работа, затоа што е точно убаво се сеќавам јас, а и вие се сеќавате кога господинот Козирев му ги предаваше писмата на Денко Малески, значи еден џивџан еден џин на едно џуџе го моли да го признае. Сега испаѓа џуџето само да сака да го признае тој повеќе. Смешно и парадоксално. Чинот и затоа Владата секогаш треба да иам на ум кој луѓе ја претставуваат државата, колку се тие интелигентни. Подобро кажете, јас и за Пулс имам да кажам нешто, тука има од Пулс луѓе, ама тоа ќе го чекам во моментот кога ќе дојде да му кажам на Пулс и на другите весници кого тие го интригираат и колку тие повеќе знаат од Митко, од Мицевски или од Петре Трајковски. Јас викам дека ни пола не знаете господа вие не сите таму еден човек. Е сега министерот, претседател на Владата, претседателот на Републиката во однос на министерот за надворешни работи кој претставува една држава треба пред тоа многу да размислува како тој ќе настапува и што тој ќе бара. Треба да му дава сметка секојдневно за ситуацијата што се одвива, а барем неделно и на овој Парламент. Како се водеше таа политика незнам. И требаше да бара одговорност уште веднаш, седи министер на

Русија, една држава те признава официјално и не му подаваш рака. Чекај бре кој си ти мајка1 а тука се цепиме ние. Не признава Република Турција колку се обрати внимание. Добро е тоа, малку се обрати внимание, тоа е добро. Не призна Бугарија незнам дали обратија толку внимание, но сепак Киро Глигоров беше, се сретна итн. Е сега тие се елементи и моменти битни за односот на надворешната политика кон поодделни држави. Дури јас предложив господине претседателе, или на претседателот на Републиката дека подобро ќе беше по едно знаменце да се вее, барем таму по тие наши плоштади и да се знае која држава не признала. Ние и тоа не сме го направиле. Значи, ние мајката сме од мангупот поголем мангуп. А, одиме го молиме. Секој ден гледам во германската амбасада полно луѓе, и во други амбасади, одиме надвор и се враќаме а цврсто држиме на тоа најбитното што ќе ви го кажам сега, ако е тоа така ние сме на погрешен пат. Бивша југословенска Република Македонија. Тоа е амин. Не може да биде господа за два месеци име. Не може да биде ни за три месеци. Јас се сомневам сега дека и тоа ќе биде така, зашто според мене гледам дека работите можат да одат еден месец, два месеци, три месеци, меѓутоа тоа е амин...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

Затоа што, господин Бранко, да не земат мене и тебе да не кладат таму во една кофа, :: не прекрстуваат и на здравје нека си го имаме. И сега треба ние, не една година, не две години, не 20 години, не 30 години, не 50 години, а ние не знаеме што ќе се случи после шест месеци, тоа име нам ни го ставаат. Само ќе чекаат тие околу нас што се да се избрише само една придавка, так таа првата и тапна некој може му конвенира, извинете, од вас, а на народот нема да му конвенира. Јас знам на сите, на повеќето од вас нема да конвенира, а на народот ич. И на малцинствата нема да конвенира ако таа придавка се избрише и да видиме после што ќе стане. И тоа ти е, значи, ние го изгазивме и тој Илинден кој го добивме по парламентарниот систем. Тука треба да се внимава и да не се допушти. Јас вчера малку бев нервозен, нека ми прости претседателот на Собранието. Јас се изнервирав заради тоа што пет пати дигав рака и ме одбиваше. Денес сум посмирен и повеќе можам да зборувам, но во отсуство на претседателот на Републиката скратувам. Има време, кога претседателот ќе биде присутен да продолжам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не може така.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Меѓутоа не престанувам уште тука. Не, не, тука не престанувам. Јас не читам никогаш, јас мразам кога ќе видам тука да излезат со реферати. Тоа ми личи на тие титовците кои учеа таму, кај учеа, во Кумровец и идат тука читаат, а народот не разбира. Кажи десет речи, десет зборови чисти

македонски, она што те учи мајка ти, немој да почнам да ви зборам со лингва латина и со грчки. Што друго пречи. Доста (и се обраќа на пратеничката Доста Димовска) знам дека ти е тешко, јас те читам. Јас читам, секој ве читам. Некој сака да ме слушне, некој не сака, затоа што не му конвенирам.

Меѓутоа, зошто дојдовме во таква положба? Зошто не не признаваат? Јас знам дека тука внатре има и добри директори, и добри пословни луѓе, и добри патриоти било од која партија и т.н. Меѓутоа, пазете една работа, во што не сме ние добри, што ние не му исполнивме на овој народ, на овие луѓе кои живеат во оваа држава која ја градиме. Еве што не му исполнивме. И го проневеривме, и го осиромашивме, и го донесовме до питачки стап. Еве што. Прво, јас сум рекол пак од оваа бина тука има и економисти, тука има и правници, јас не сум ни економист, ни правник, јас сум само политичар. За жал, јас израснав само како таков. А господа и друго ќе ви кажам дека не сум обичен, и тоа ќе ви го кажам дека не сум обичен како што сакате да не претставите некои таму од средствата за јавно информирање. Ни Трајан Мицевски е обичен, ни ова дете таму Петре Трајковски е обичен човек. Во ВМРО нема обични. Во ВМРО како што е кај вас се сите интелектуални и сите способни да ја водат политиката. Што сме згрешиле? Или намерна грешка сме ја направиле или не знаеме да ја водиме внатрешната политика или пак не бевме способни да го откриеме злото кое следеше, кое ќе уследеше понатаму. Оваа Влада воопшто не ја напаѓам. Воопшто, госпоѓа Софија воопшто не ве напаѓам, да не се секирате. Јас го напаѓам системот, јас напаѓам нешто друго. Јас го напаѓам тоа што се вика градење и уривање на еден систем, скинување на дрвото кое пушти корење во врвот, а допушти цвет. Тоа како ќе се направи?. Сведоци сме дека

пропаѓа стопанството, сведоци сме дека пропаѓа земјоделието, овоштарството, винарството, незнам што, незнам што.... Ние како да чекаме некој да ни го поправи тоа, како да чекаме да ја добиеме помошта незнам од кој, а таа помош нема да ја добиеме, затоа што не ја признаваме таа помош.

Друго, пропаднале луѓе кои работеле надвор за сметка наша, за оваа држава со девизи. Му кладовме крст, амин, умреа. И тука е грешката, а јас не верувам дека тие средства избегале незнам каде во Србија или незнам каде подалеку, беа тука. Кај се употребија, за што се употребија, за што се искористија извинете, тие влади требаше тие пари да ги вратат.

Друго, баш во овие времиња на тие последните две влади и на претходната кога ние дојдовме внатре, се изврши грабежот. Убаво констатираа и средствата за информирање. Од страв, инаку ќе му го скинеа главчето, не да го утепаат туку го истераа во тоа време, се изврши општиот грабеж на државата. Никој не може да ми каже дека не се изграбија. Илјадници без работа, упропастени претпријатија, осакатени стопанства и т.н. и т.н. Каде отидоа сега тие пари? Зошто дозволивме да се упропастат. Зошто кога гледаш дека арамијата краде и му помагаш не го фаќаш, зошто? Значи, и ние сме соучесници на општото, ако сега се врши, а ние не сме затоа што не се врши сега, оние што биле тогаш и што наследиле, тие се соучесници на општиот грабеж и го донесоа човекот на питачки стап, на два питачки стапа. Дури, дозволивме една друга работа. Дозволивме некако една прикриена диктатура со јачање на полицијата, а полицијата знаеме има два краја, има и пендрек има и пиштол, има и пушка, да створиме еден таков режим кој подоцна дај боже да е добар, меѓутоа, се осеќа тоа дека таа полиција засега стои добра...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе имаме расправа за полицијата, господине Анастасовски, немојте сега.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

.... но има извршено некои престапи кои надвор се обележани од нашата земја. Има затварано политички затвореници и мачено, тепано, кршено, а надвор се прикажуваме како хумана држава. Држава немаме, имаме ние вака, ама државата дури да се признае да биде држава треба да се работи и да се отстрани таа тиха диктатура. Да не се служи полицијата повеќе со поткажувачи со присклушкувања, со малтретирања и така. Беа случаевите, јас ќе ви напомнам, јас знам повеќе случаи од сите партии кои се учесници од македонскиот народ, од малцинства и т.н. кои беа во тоа време малтретирани, тепани и т.н. Меѓутоа, има карактеристики во овие работи. Земани тепани, јавно ќе го кажам, не се плашам, 67 години, ако сака нека ме убие сега, затоа што и тој ќе оди во смрт тепани минатата година од некои полицајци кои носат презиме српско во Велес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе имаме расправа за тие такви работи, имаме три, четири точки на друга седница.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

А ние молиме, а господин Киро Глигоров праќа луѓе за признавање, демократска, хумана, човечки права, незнам што, а тука тепаме. Абе тие не спијат, бре, тие не спијат, тие слушаат, тие имаат уши олку. Ти ако имаш микрофонче, тие имаат сателитски програми, незнам што имаат, фаќаат и тука што зборуваме. Не можеме да се сокриеме зад прстот::а тоа се дозволи од господинот не да кажам од вас или од претседателот на Републиката од претседателот на Републиката, тоа човече уште да стои тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, ве молам сега.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не е тука сега, не е тука, ама ќе му кажат. (смееше во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, зборувајте за темата, па добро господине Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Значи, не сме демократска држава, но личиме на една мала диктаторска како во времето кога беше Мелон во Јужна Африка или Пиноче кога беше во Чиле. Добро, ама тие беа големи. Овие се мали, мали, мали, а со пендреци големи и со мачилишта. Таква држава не. Јас ви реков, сум малку подруг во однос на тоа,можеби имам јазик и се, ама јас да удрам човек и да имам власт не би дозволил. Би го казнил согласно законот, би го навредил вака, ама не би го тепал, зашто тепањето не е ништо друго на овој мал народ што ве гледам тука, а толку ни е, да се изброите по десет таа ни е државата, тепањето само на такви мали држави им носи зло, а не носи добро. А плус тоа од тие мали луѓе правиме садисти, мачители и понатаму тие луѓе не се корисни ни за општеството.

Затоа, господине претседателе, се обраќам до вас, од сето тоа што го кажа да извадам една режија, ова што го дадовте ние горе долу го прочитавме во весниците, како да чекаме некоја милост од друга држава, значи не знаеме, нашата политика толку е ограничена, така толку е ограничена што ние не знаеме кај сме. А имаме право, и овие групи и тие групи таму, и овие таму, имаат сите да кажат, незадоволство да изразат. И

треба да го изразат ако ги боли за оваа земја, а верувам оти ги боли на сите. Значи патот кој го одбравме и улогата која ја изиграа министерствата наши, министерството за надворешни работи не е целосна, непредвидлива и можеби потклекната под сугестија на некои туѓи сили, кое е најстрашно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Мицевски има збор. (некое реагирање) или подоцна, кога сака тој. Се пријави сега или тоа да го бришеме.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (од место)

Јас барав процедурално, иако не беше завршено, затоа барав така да биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А сега не барате збор.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (од место)

Ќе барам подоцна збор.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ваша работа е дали барате или не барате.

(пратеникот Димитар Поповски се упатува кон говорницата)

Што е сега? Завршена е дискусијата процедурално?

(господинот Поповски се доближи до говорницата и во близината на говорницата вели: не е процедурално, ве молам да ми дозволите да кажам нешто).

Не можам деловнички да ви дозволам, седнете, ве молам.

(пратеникот Димитар Поповски вели: "Важно е")

Знам, седнете си, не може. Процедуралната расправа ја завршивме.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ**: (во близина на говорницата)

Не е процедурална расправа господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама знам, вие имате содржински да дискутирате. Ќе се јавите за збор, ќе ве запишам.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

(во текот на расправата што ја имаше господинот Анастасовски, не е споменато моето име, меѓутоа, сакам да изнесам нешто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте така, имате време, дебатата ќе трае.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Сега е, дебатата ќе трае до утре ќе трае.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако е, добро е, сеедно во која фаза ќе се каже, немојте сега, ве молам. Немојте господине Поповски. Оставете.

Има збор господин Мерсим Положани.

**МЕРСИМ ПОШЖАНИ:**

Благодарам на претседателот, често пати вака ме остава на крај, значи не го запазува редот, а овој пат ми даде предност и овој пат излегов пред ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не го прифаќам приговорот секој кога се јавува кога ќе го видам и ќе го запишам му давам збор.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Нормално е да не го прифатите.

Дами и господа, да не постоеше сличност, намерна или ненамерна, блискост или коинциденција меѓу вториот дел од текстот на референдумот за самостојност на Република Македонија со "право да се приклучи кон некоја друга општествена заедница" и привременото име "бивша

југословенска република" односно причинско последичната поврзаност меѓу овие две категории, веројатно не ќе почувствував потреба да се искажам за некои мои впечатоци и изразам некои дилеми.

Имено, иако во принцип сум за компромиси, во случајов и за името на Републикава, за што се произнесов и на 55-тата седница, односно сум за тактизирање се додека не се оствари евентуалното признавање, сепак, не можам да се ослободам од еден силен впечаток дека сето ова што се случува со името во стварност односно во суштина не се работи само за името, односно дека не е во прашање само името, туку се во комбинација други многу посуптилни игри кои потсетуваат на несреќните 1913 година во Букурешт, 1918 година во Версај, па и 1945 година на Јалта. Во споменатите три трагични пазарлаци и поделби на помалите народи најнечовечни беа распарчени на Балканот два народи, македонскиот и албанскиот. Стартувам дека нешто слично се готви и сега, со кумување на "Старата дама"Европа односно нејзиниот западен дел, во што не изостанува со својата послушност и нејзиниот источен дел, а тука се и САД.

За и околу ова сакам јасно и гласно да обрнам внимание до оние кои сакаат да ни кројат капа, овој пат тоа да не го прават без да ги прашаат барем двата народи на оваа недоизградена заедница во случајот македонците и албанците, кои претставуваат или барем во најмала мера треба да претставуваат два носечки столба на оваа држава, што само како таква треба утре да се признае. И обратно, ако веќе утре се случи дел од граѓаните на оваа заедница кои се од словенско потекло посакаат да го активираат вториот дел од референдумот за самостојност на Републикава, односно ако посакаат да се поврзат со северниот сосед, или недај боже со

источниот без волја или против волјата на мнозинскиот народ на еден дел од Републиката, на пример во случајот со мнозинскиот народ од западниот дел на Републиката тогаш мора да сметаат на жилаво противење и отпор кој веројатно не би исклучил ни меѓунационални односно меѓуетнички судири.

Ова го потенцирам од причина што сакам едностраното приклучување или анексија на територијата со желба само на еден народ, во случајот без албанскиот, кон друга земја може да биде реална опасност за меѓунационален конфликт и нешто друго.

Имам голема забелешка на текстот на точката 10 од меморандумот на Република Македонија во врска со приемот во ОН кој беше испратен во јануари оваа година, каде што стои покрај другото дека "како причина за дестабилизација на Македонија се наведува само промената на името против волјата на македонскиот народ" и уште продолжува дека "тоа недвосмислено ќе води во активирање на неконтролиран пораст на национализмот во~Р&публиката и ќе води кон конфронтација на меѓуетничка основа и во заострување на односите со соседите и т.н." Се поставува прашањето дали на овој начин ќе го заплашуваме светот за да ја признае Републиката.

И уште, сега запрепастен пак јас прашувам, дали и понатаму ќе се прават провокативни игри со оган, дали и понатаму ќе се исценираат и провоцираат конфликти како што беше невидената полициска експедиција на 15 јуни 199 2 година во с. Радолишта- Струшко, еден ден пред почетокот на разговорите помеѓу претставниците на албанците во Македонија и Владата на Републиката со посредство на мировната конференција за бивша Југославија во Охрид и невидениот полициски терор предизвикан од

самата полиција на 6 ноември 19 9 2 година на Бит Пазар, кога претседателот Глигоров се наоѓаше на мировната конференција во Лондон. Случајот во Радолишта благодарение на ладнокрвноста и мирољубивоста на тамошните жители заврши без жртви, само со многу години казна затвор и ограбени доброволни прилози, додека пак харачот на насилството на Бит Пазар однесе четири недолжни жртви. Вакви големи насилства се опасни игри и убеден сум дека тоа не го сторил на своја глава само министерот Фрчковски, што ќе рече господинот Анастасовски, тоа е планирано на заедничка маса од повеќе фактори, кои кога тогаш ќе бидат обелоденети пред овој Парламент и мирољубивите граѓани на оваа Република, кои се исто така многу загрижени и кои се прашуваат кој стои зад кулисот на овие зла кои се случија во 1992 година и кои не е исклучено да се случуваат и во иднина. Во тоа се состои мојот страв. Токму поради стравот од нивно повторување во иднина, како партија за демократски просперитет, парламентарна група на ПДП јас лично бараме веќе да не се одлагаат информациите и расправиите за споменатите немили настани, да се утврди јавно каде и кои се намерите, каде се грешките, да се извлечат консеквенциите и поуките и да дадеме заеднички гаранции на сите граѓани на Републикава, без разлика на која нација и конфесија припаѓаат па да им кажеме дека опасноста не доаѓа само однатре и дека опасноста која доаѓа од надвор ќе биде онолку реална и онолку голема колку ние самите во Републиката ќе дозволиме.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ** : (продолжение)

Нас пак ни преостанува внатрешно во Републиката да се престариме. Товарот на идната држава да се носи заеднички и пропорционално, односно рамноправно, во прв ред од двата носечки народа. Во иднина да не губиме време и нерви како сега за тешките недовршени проблеми за образованието и слично, што треба да се решат рутински и безболно и ред други слични прашања кои што за цивилизирана Европа воопшто не претставуваат проблем.

Ова го изнесов, го сторив само со една намера да апелирам до сите вас господо пратеници, до Владата и до претседателот на Републиката, во иднина себе си, а посебно светот да не го заплашуваат дека ако не бидеме односно Републиката призната со вакво или онакво име, најверојатно ќе има меѓуетнички судири. "Старата дама" што ја спомнав погоре, не се секира многу за тоа, таа е ладна и сурова. Таа на очиглед на целиот свет дозволува една крвава војна и ладнокрвно толерира геноцид , со ништење на цел еден народ. Таа е лицемерна. Таа има двоен аршин. Од една страна не дозволува наоружување на муслиманскиот односно бошњачкиот народ, а од друга страна флагрантно дозволува кршење на ембаргото, односно дозволува наоружување на последниот комуно- бољшевички режим од Белград. Господа, она што го гледате во Босна преку ТВ екраните не се измислени филмски стории и ТВ монтажи. Тоа е реалност што се случува на воздушна оддалеченост од овде од Скопје од само 250 км. Тоа во Босна се случи зашто Босанците дозволија некој да се меша од надвор, а денеска продолжува да се случува истото, сега надгледувана потценетата Европска заедница и сега уште со надзор на богатиот и силен џандар, би рекол, САД. Разликата од  она што се случува во Босна од пред 10 месеци кога почна

војната, е само во тоа што недолжните тогаш умираа голи и гладни, а денеска умираат или поточно се убиваат и уништуваат облечени и најадени. Само во тоа е разликата. Нагласувам и тоа дека ова што се случува во Хрватска, а сега во Босна има длабоки историски крвави корени на омраза. Нашата предност, (се свртува кон Голубовски) стрпи се Голубовски да не те оладам со чаша вода. Нашата предност (реакција од пратеникот што е прозван) и богатство што треба да го искористиме не е ова како Голубовски, кои пишуваат со 5 моливи, него треба да се слушаат совеста и здравиот разум. А тоа е и во нашата предност што се состои во тоа што такви корења на омраза овде ние немаме. Ние во Републиката сме имале заеднички судбини и ропства.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Само за темата молам да се зборува.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

... и ропства и борби против заеднички непријатели. Оваа земја секогаш била заедничка и има место така да продолжиме и во иднина, недозволувајќи внатре, поттикнат од надвор да ни наметне идеи за унитаризам, кои во последно време ќе признаеме, во Република се многу активни. Не напоменувам од кои партии и од кои личности, тоа е многу јавно познато. И уште полошо идеи за амбиции за нечии хегемонизам, зашто во тој случај на овие простори победници тешко дека ќе има. Очите на граѓаните на оваа Република се уперени кон нас. Во нас ја имаат сета надеж, а во нас , а поготово како некој, како овој овде гледаат и свој страв. Најсудбинско за сите нас е да направиме историски компромис, без еднострани жртвувања на моментални интереси. А прашањето за името, за мене господо, е решливо само бара трпение и време. Битно е сега да не се

испушти композицијата, мислам на возот, па макар прво во почетокот Македонците да седнат во вагоните од втора па и трета класа, зошто престижот на нациите и нивната гордост не се мери само со висината на класата во која седат. И на крајот напоменузам, во моментов битно е да се седне во меѓународниот воз. Благодарам.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Се јавувам за реплика заштo бев спомнат.

Прво, го осудувам однесувањето на моменталниот претседавач г-динот Мурати како некоректно, како неумесно, не интервенираше и за искази кога беа упатени за суверенитетот и државен и национален спрема Република Македонија, беа искажани навреди спрема македонскиот народ и тоа покажува како ќе изгледа тоа сожителство што ни се наметнува како една филозофија која што треба да не води во директна пропаст. Јас таква иднина не прифаќам и среќа е што Македонија, иако само како дел, можеби, од политичка тактика и однесување кое и е наметнато ќе мора да ги проголтува ваквите навреди на македонскиот народ, не може никој да го стави во ситуација да прифати такви состојби. Албанското малцинство во Македонија мора да сфати дека мора да биде благодарно за тоа што го ужива како малцинство, што ни едно малцинство во светот не ужива. И се разбира, не сите. Ќе дојде законскиот дел на операционализација на Законот за државјанство, ќе се воведат други критериуми, ќе дојде нова власт ќе има нови избори, ќе видиме како ќе изгледа Македонија. А, што се однесува до уцените и нелојалноста, само да ве потсетам дека вашата загриженост и наводни изјави....

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине Голубовски , за темата.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Да за темата ....

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За темата,инаку не се во прашање....

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Околу поширокото меѓународно признавање , за тоа дека наводно на Македонија и е потребно признавање од Албанија. Ве уверувам дека Албанија ни за 100 години не може да го достигне она ниво на развој што сега Република Македонија го има.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, сега не е во прашање Албанија.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Вие сте една шака јад и апсолутно незначаен фактор на кој што , за жал, игра Европа со својата хипокризија денес. Но, треба да сфатите со какви последици ќе се соочите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Немаше ништо.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ако господинот Мурати мисли вака да ги води седниците, тогаш протестирам, и повикувам на солидарност на македонските пратеници да се спротивстават. Овде видовме што е изречено и видовме какви и други работи се изрекоа што се однесуваат директно до безбедноста и до интегритетот на пратеници.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ништо немаше против.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Како немаше против? Тогаш значи вие сте на иста линија. И Македонскиот Парламент овој состав овде ќе мора еден ден да одговара морално за тоа што не дозволи досиејата на иредентисти кои што седат овде во Парламентот. Не случајно ова се случува.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам претходниот пратеник зборуваше и зеде збор како и претходниот пред него и кажа свое мислеше, а не мислеше на некого.

Давам пауза од 15 минути.

(седницата прекина во 12,20 часот)

По паузата од 55 минути , седницата продолжи во 13,15 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

За реплика се јави г-динот Положани.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Нагласувам дека се не заслужува одговор во овој Парламент. И некои многу тешко поднесува овде да раководи со седница пратеник, односно потпретседател Албанец, да дискутира Албанец и да зборува онака како што тој мисли и ги гледа работите. А за тоа што е рационално, што објективно, прагматично и добронамерно покажа мојата дискусија. А пак што значи ирационално, провокативно, лошонамерно, анархично, покажа репликата.

Веројатно репличарот понесен, вдахновен, можеби, од своите заштитни комитети во Западна Македонија, кои што работат се знае под чија директива изнесе овде без никаква причина и без некој аргумент да го истури сиот свој гнев.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, со внимание да се зборува овде.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Ова зборува не само за една политичка ниопија, туку зборува за едно политичко слепило, кое што за среќа во Македонија е во многу минорен дел и велам дека здравиот дел од Парламентот треба да се дистанцира од такви ниопиостети. Тој овде изрече тешки зборови. Не она што ме навреди мене, иако немаше никаква причина за тоа, но не нарече "шака јад", кои сме ние , како смееме ние да разговараме така. Мачна е Македонија растурана и Албанија, а ништо од тоа немаше. Јас обрнувам внимание, ако претседавачот во иднина без разлика дали тоа ќе биде Џеладин Мурати или Стојан Андов, не прекине навредливи така грозни однесувања, поготово кога се работи, спремен сум со такви некултурни луѓе да бидам некултурен, и да се однесувам спрема скандалозните и скандалозно. Овој пат му запретив дека ќе го оладам со ладна вода, а идниот пат тоа ќе го сторам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Внимавајте малку во тие работи.

Има збор г--динот Голубовски, а само апелирам до сите пратеници да дозволите да се одвива расправата по основната тема, а личните реплики имаат смисла доколку осветлат уште некој аспект од темата, или појаснување на веќе искажаното. Инаку навистина нема смисла.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Партијата чиј пратеник сум нема заштитни комитети и не прима директива од никого. Работо автохтоно македонски. А за останатиот дел немам коментар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. За збор се јави господинот Ванчо Златанов.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:**

Почитувани пратеници, кога човек излегува на оваа говорница а особено кога се прави тоа денеска и токму по овој повод, не може а да не се запраша од каде доаѓа силата која толку многу не разделува и не става во два различни табори, кои што во овој момент изгледаат непомирливи и крајно спротивставени. Како прво што ми паѓа на памет е помислата дека јас овде би требало со некого да полемизирам, околу една работа, која што според сите резони би требало да претставува точка на обединување на сите политички партии и сили во Македонија, без оглед на нивните меѓусебни програмски и други разлики што постојат. Разликите што постојат овде и меѓу нас околу приемот на нашата држава во Организација на ОН, а тие разлики се повеќе се продлабочуваат , еве и во самиот финиш кога Македонија се наоѓа со една нога на прагот од своето меѓународно признавање, веројатно со право предизвикува конфузија и целосна збрка во јавноста. Мислам дека е тоа , всушност, едно крајна апсурдна ситуација од која мора да се побара рационално излезно решение, како единствено можно решение. Затоа и не сакам ова мое искажување да се сфати како полемика со сите оние најразновидни сфаќања и толкувања на постапката и начинот на приемот на Република Македонија во ООН под назначеното име, од едноставни причини што сметам дека нема основа за тоа. Овде

нема за што да се полемизира. Во овој случај сега се е чисто. Во ООН е отворена постапка за прием на нашата држава под ова описно име кое како прво не значи дека Македонија и македонскиот народ се откажуваат од своето име, и како второ, тоа описно име, без оглед што го содржи зборот Југославија, нема никакви импликации во однос на оваа сегашна Југославија. Тоа значи дека приемот на нашата држава ќе биде остварен под ова провизорно и привремено име, а по завршувањето на постапката во која ќе се решаваат спорните проблеми со Република Грција, следува фазата во која преку билатералните демократски контакти Република Македонија ќе биде призната под своето уставно име. Тука нема ништо спорно. Затоа и реков на почетокот дека ова мое искажување не сакам да се сфати како полемика со сите овие најразлични сфаќања и толкувања во врска со приемот на Република Македонија во ООН од едноставна причина што станува збор за своевидна манипулација во јавноста, видена досега безброј пати. Наводно за оваа платформа која ја оспорува постапката за прием на Република Македонија во ООН стои целиот македонски народ и дека тие се единствените што се повикани да го одбранат идентитетот и достоинството на македонскиот народ и на македонската држава. Тоа не можам да го прифатам. Тоа едноставно не е вистина. Сами по себе идентитетот и достоинството на еден народ или на една држава и не се толку проблематични категории освен во овие ситуации кога со нивното значење и суштина се манипулира како што е тоа во овој случај. Целта овде е сосема јасна, да се произведе хаос и да се дестабилизира државата кога тоа по толку многуунапори и самооткажување од целиот народ и кога конечно после толку векови борба, влегува во самиот финиш на

меѓународно признавање. Некои се јавува и сето тоа го оспорува. Еве на пример да тргнеме од главната теза на опозицијата дека со прифаќањето на ова име ние како држава и како народ наводно се откажуваме од тоа што ни е најсвето, а тоа е името. Ништо попогрешливо од тоа, а од оваа теза вака поставена, се извлекуваат понатаму десетици- десетици погрешни заклучоци, посебно за улогата на актуелнотопдржавно раководство и на партиите што стојат зад нив. Ние имаме денеска една прилика која што слободно може да се нарече историска шанса која не смее да се пропушти. Со влегувањето на Република Македонија во ООН , македонската држава и македонските граѓани, имаат вонредна прилика да го потврдат својот идентитет и да го поправат своето достоинство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано Претседателство, дами и господо, јас тоа што мислев да го кажам го изнесов низ еден пишан текст, но за да бидеме порационални ќе зборувам. Мислам дека кога се разговара за меѓународниот статус на Македонија треба да се изврши разграничување помеѓу актот на нејзиниот прием во ООН и нејзиното име за интерна употреба во светската организација. И кога сум тука да речам дека привременото име "Поранешна Југословенска Република Македонија" треба да се сфати дел од историската реалност на Македонија. Барем нашата генерација знае дека Република Македонија до нејзиното осамостојување, навистина беше дел од СФРЈ односно една од нејзините осум конститутивни елементи. Би додал, дека благодарение на тоа ние еве веќе 15 месеци правиме напори за авансирање на нејзиниот статус во меѓународен субјект. Тоа е едно

позитивно минато на Македонија, значајно за сегашноста , а уште повеќе за иднината. Затоа овие напори и определби на меѓународната заедница, сметам дека треба да се поздрават и поддржат. ":;-'%9а да се определиме за овој пат и начин на решавање на меѓународниот статус на Македонија имаме големи причини. Со тоа , со нејзиниот прием всушност се отвораат многу врати, важни како меѓународни институции, а признавањето создава услови и за нејзин поуспешен продор како во политичкиот така и во економскиот живот што се одвива во светот.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:** (Продолжение)

Бидејќи за се има граници, се поставува прашањето дали заради една меѓународна формалност, меѓународното име на нашата Република ќе дозволиме и натаму да тонеме на економски и друг план игнорирајќи го тоа што во моментот се нуди како решение пред Советот за безбедност на ОН. Ќе дозволиме ли социјалните немири да ја достигнат својата кулминација и народот да не обвинува за неспособност во водењето на државата?

Сега, за нас е најважна Македонија, макар со историското име да стане меѓународен субјект. Значи, да се направи тој историски чекор, а верувам дека меѓународната јавност со нас ќе комуницира не како со поранешна Југословенска Република, туку со Македонија. На крајот, кога ќе добие пошироко меѓународно признание и ќе се заокружи во целост нејзиниот субјективитет.

Во меѓувреме, секако Македонија ќе мора и на дело да се потврди како заедничка и демократска држава на сите граѓани во која среќно живеат како македонците така и албанците и другите национални етнички групи, зошто не е доволно правата и слободите човечки, национални и други да бидат само запишани во Уставот, ако доследно не се применуваат во живот, ќе претставуваат само украс на текстот на Уставот и демагогија пред меѓународната јавност.

Досега, за жал, на овој план се соочивме со нешто слично. И, тоа што на некој начин го гарантира Уставот за албанците и другите не се успеа да се оживотвори во практиката. Во оваа смисла доволно е да потсетиме на проблемот со педагошката евиденција во училиштата каде наставата се изведува на албански јазик и на последиците, проблемите во врска со тоа, потоа на Законот за патните исправи, Законот за личната карта и воопшто

на сериозниот отпор против рамноправната употреба на јазиците и писмата на најголемата национална група албанците.

Како да се нема стратегија за вистинското сожителство на о простори.

Одговорноста на Македонија како меѓународен субјект, секако по нејзиниот прием, стана уште поголема на планот на остварувањето на човечките и националните права и слободи. Ова, до толку повеќе што таа , во светската организација влегува како мултинационална, како мултикултурна и мулти конфесионална држава.

Илузорни се и штетни сите обиди од било кој за сокривање на реалноста, прикажувајќи ја Македонија како тоталитарна, национална или едно национална држава.

Би заклучил , не е време за политички маркетинг или за партиски рејтинг. Народот е сит со тоа. Тој има потреба за леб и подостоен живот. Да престанеме со лажниот патриотизам и да се вратиме на теми што значат живот. Една од таквите теми секако е и меѓународното признавање на Република Македонија.

Светот конечно одлучи да не признае, да не прими во негови редови како рамноправен субјект и ќе не прими како што ќе оцени, независно од волјата на јужниот сосед, а и од нашата волја. Наше е да покажеме зрелост, и со нашата гордост да не го попречуваме тој процес.

Ве повикувам да го поздравиме и ги подржиме напорите на Советот за безбедност во решавањето на меѓународниот статус на Република Македонија.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги.

Република Македонија е централна држава на Балканот и секогаш била во оптиката на големите сили. Можеби тоа ќе биде и епилогот, централна држава на Балканот, а можеби и без име.

Трите големи гео- политички сили, средно европската оличена во австроунгарската монархија, источната во турската и руската империја го створија "балканскиот синдром", феноменот на балканизација што ги измеша балканските народи ја наруши нивната етничка хомогеност и така, феноменот на балканизацијата, како феномен на судири на голем број народи, остана актуелен и денеска, остана и нивното настојување за остварување на национал- идејата за држава.

Република Македонија ја реализира својата национал- идеја на вториот Илинден 1944 година кога КП и ВМРО, левото крило, го поведоа народот во автентична националноослободителна војна. Впрочем, ЈУ- федерацијата, како компромисна творба по проектот на големите сили ја имаше за членка и оформената држава Македонија, со правото име, и на државата и на нацијата од која и потекнува името на државата Македонија.

Со распадот на таа творба , Македонија си го врати делот на својот суверенитет и од бивша ЈУ- република Македонија, со политичка волја на народот од 8.09.1991 година и Уставот се конституира како самостојна суверена држава. Оттука, бивша ЈУ- Република Македонија за мене е свршена работа. Македонија повеќе тоа не е, туку е суверена држава Република Македонија. Затоа и легитимно побарав вклучување во архитектурата на пошироката меѓународна заедница, Европската и ОН, со Уставот ги постави основите на демократска трансформација на постојниот

Реал- социјалистички модел.

Се поставува прашањето на која Македонија бараме меѓународно признавање? Па на малите деца им е јасно дека тоа е она парче од етничката Македонија што делителите на етничката Македонија го викаа Вардарска, а што нејзините автентични граѓани го ослободија на Вториот Илинден 1944 година, го прогласија за држава со амин и во присуство на големите сили учеснички во Антифашистичката коалиција во Втората светска војна.

Согласно Кодексот на демократска Европа, Република Македонија процесот на остврување на својата национал- идеја самоопределувањето како право на народот го изведе по мирен пат, школски пример за конституирање на суверенитет на една држава. Доказ- Пресудата на Врховното судско арбитражно тело на господинот Бадинтер како конечен акт, најзначаен документ што Македонија го спечали по 100 години националноослободителна борба. Затоа, нова арбитража , бараше за нова арбитража со цел да се изнегира Бадинтеровата, за мене е апсурд и недозволиво

Суверенитетот на Република Македонија е нејзино крупно демократско право. Изведено е од арсеналот на правата на народите, од Кодексот на човековите права, чиј проектант е демократска Европа која научи доста од двете светски војни, меѓутоа на нејзиниот корпус сеуште се води војна која не може да ја разреши.

Тоа што во Македонија нема политички партии во униформа, војнички творби на етнички чисти поединци, и ако е повеќенационална, потврдува дека актуелните политички партии и пратениците го сакаат граѓанското општество во владеењето на граѓанинот како основа на демократијата.

Република Македонија својот суверенитет го брани со толеранција, со право и правда за сите нас и за тие околу нас. Внатрешните несогласувања мора да ги совладуваме со толеранција и дијалог и така полесно ќе ги совладаме и фрустрациите на оние што не опкружуваат и негираат.

Долгото патешествие по европските метрополи: Лисабон, Лондон Единбург за да Република Македонија си го земе своето право на меѓународен суверенитет од венецот на демократските права на народите, со пресуда во раце од телото на господин Бадинтер, блокирана е од Грчкото вето во срцето на Европската дама. Зар со тоа некого го загрозуваме? Еве и сега поедини членки се појавија со предлог за нова арбитража, историски недозволен компромис и за мене апсурд.

Ко преседавање за името, мислам дека е неприфатливо.

Познато е зошто Грција стана "феномен на инаетот". Политичкиот и дипломатски, Грчки естаблишмент е мачен и притискан од совеста на анектираниот дел од етничката Македонија, па ако го смени името државата Македонија, а името потекнува од името на најбројниот народмакедонци, ќе ја нема Македонија. Ќе нема македонци во Македонија, а со тоа и во анектираниот дел на етничката Македонија.

Република Македонија е толерантна. Нема агресорски претензии. Е за отворање на граници, проток на роба, луѓе. Тоа е политичка програма на сите политички партии во Парламентот. никогаш ен ни биле својствени урнеците од минатото. Не сакаме диригентска палка на оружје од арсеналот на ариевскиот психопатолошки синдром. Сакаме дијалог и со Грција, но не за името.

Ова, затоа што вистината за името за Македонија е во Македонија и во правото на народите. Мир и безбедност за сите каков врховна вредност

за заштита на државите единки, па и на секој човек, граѓанин од агресија. Ова мора да го познаваат сите апостоли, душегрижници за Македонија и Европа, па и светот. Па, како можеше Европа и светот да не сфатат дека Грција ни правеше блокади како да сме Бивша ЈУ држава, како и на самата ЈУ држава. не третираше исто. А, ние , и ако суверена држава, не применивме принцип на реципроцитет што го прави секоја суверена држава во такви случаи. Нели е тоа толеранција и мерки за доверба

Сакам да нагласам една парадигма, една актуелна вистина, дека ниту една балканска држава не ја оствари својата нациоанлна идеја без поддршка од вонбалкснаските веле сили. Пример Словенија, која се поврза со возобновена Германија. Тоа сега за нас е Русија и Турција кои не признаваат под нашето Уставно име. Нели за нив е навреда да прифатиме име бивша Југословенска Република Македонија? Добро е што се преселивме во ОН. Таму имаме повеќе пријатели. таму е владејачка американската школа, не променливост на границите со сила. Познато е и тоа дека САД располага со сила да ја спречи примената на сила за промена на границите. Тоа е и нашиот поглед. Примери во Босна не се дозволува промена на границите.

Затоа влегуваме во ОН, а со тоа влегуваме во системот на колективната безбедност. Ние сме суверена држава и ОН се должни да не заштитуваат и вака од промена на границите со примена на сила. Па, нели и Косово не е држава, и таму САД бара откажување од примена на сила. ОН треба да интервенираат секаде каде има човек над кого се применува сила од друга држава.

Затоа , прифаќањето на веста од ОН како бивша ЈУ Република Македонија, времено име не е за мене компромис. Тоа е апсурдна уцена. Тоа би била наша колебливост, не сигурнсот, па како да се сомневаме во нашата вистина дека сме суверена држава Република Македонија, а во суштина тоа и сме.

Тоа е прашање над сите прашања. Свесна е Грција дека Република Македонија се еманципира национално и стана суверена држава. Ние имаме природно право на влез во ОН како суверена држава за што такви сме и не сакам да се сомневам дека сме без шанси. одземањето на таа шанса не е можно, затоа што нашето барање има правен легитимитет како свршена работа.

За мене, временото име бивша ЈУ Република Македонија е енигма. Крие во себе политички интереси. Тоа не е наше Уставно име. Тоа е уништување на името на нашата држава. Анулирање на Уставот, на минатото, сегашноста и иднината. Спорот околу името е политички интерес на Грција да го поништи легитимитетот на државата Македонија. Во сите држави правило е најбројната нација да го вгради своето име во името на државата, па оттука името на државата се однесува и на нацијата и тоа во суштина е заштита на нацијата и на сите граѓани во државата

Влегувањето во ОН со ова име мислам дека влегуваме во ново сценарија за задолжителна промена на името. Државите предлагачи на временото име бивша ЈУ Република Македонија се држави со Версајска совест и наклонети на Грција.

Зошто Грција не влегува во директни разговори со Република Македонија? Тоа е јасно, затоа што на тој начин дефакто не признава како суверена држава. Зошто по нашето одбивање за нова арбитража, изразот "нова арбитража" се заменува со компромис, пакет на мерки за доверба. За мене, прозирно е дека во тој непознат, не отворен пакет се крие енигмата за името Македонија. Компромисот за името Македонија. географски додавки на името спаѓаат во секторот недозволени историски компромиси.

По  мое мислење современото име бивша Република Македонија се кине врската држава- нација, Македонија- македонци. Таков компромис е

капиталантски. Така, Грција ќе ја збрише македонската нација и држава и во анектираното парче на етничката Македонија ќе нема Македонци. Грција ќе нема проблеми со територијата што и припадна 1913 година. Само затоа Грција пред ОН излегува со отстапка како да е подготвена за компромис. А, со пакетот мерки за доверба во оптек ќе ја стави втората варијанта, е" бара компромис за името за да ја скине етничката врска меѓу нацијата и државата.

Тешко на оној што ќе заговара за името со Грците. тие во пакетот ќе,наредат се само не името Македонија и македонци. Штом дојдеме на граница можеби ќе не викаат бивши ЈУ или вардарци или скопјанци, но секако ќе бегаат од името македонци.

Ние сеуште имаме шанса. Мислам дека и парламентот треба да остане на релацијата на писмото на претседателот на Републиката копретседавање за името не, копреседавање за се друго да.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Почитувани пратеници, дами и господа на почетокот сакам да изразам моја целосна поддршка на информацијата на Владата која беше дадена во вид на експозе на премиерот господинот Бранко Црвенковски и во врска со досегашната политика за прием на Република Македонија во ОН. Истовремено го изразувам и моето задоволство од содржината на предлогот на документот на Советот за безбедност и на другите придружни документи што беа презентирани од премиерот, со кои широко ни се отвора вратата пред Генералното Собрание .

Верувам дека најголемиот број на граѓани во нашава држава веќе со нетрпение го очекуваат претстојното заседание на Генералното Собрание на ООН и завиорувањето на македонското знаме на Ист Ривер.

Морам да признам дека тој чин јас го очекувам со нетрпение па и со извесна возбуда зошто сум еден од непосредните актери на довршувањето на историскиот процес на конституирањето на самостојноста на независна македонска држава. Но, независно од возвишеноста на чинот што деновиве ни се случува, сакам на кратко да се осврнам на она што се случуваше во републикава последниве денови.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ**: (Продолжение)

За кој мислам дека во основата сепак беа добронамерни и израз на нашата загриженост за сопствената иднина. Ова дотолку повеќе што најголем дел од информациите што ги слушнавме вчера и денес не им беа познати на пошироката јавност. Меѓутоа, дипломатијата е таква секогаш мора да се има адут повеќе од противникот. Впрочем неслучајно е речено дека дипломатијата е политика во ракавици и затоа мора да се има полна доверба во оние што ја водат, а тоа се претседателот на државата и Владата, тонсконо надлежното министерство. Сега, кога на маса ги имаме сите релевантни одлучувања, мислам дека можеме за мирна совест да изразиме полна доверба на нашата дипломатија, независно од тоа што можат да и се пропишат и определени слабости. Сведоци сме дека РМ не е понижена. Напротив, сочувана е нејзината чест и гордост. Сведоци сме дека нашата држава не ја водат предавници, туку напротив, безкомпромисни борци за нејзино зачувување. Но овој поат сето тоа се остварува без оружје, на"зелена маса" пат што единствено денеска го прифаќа и признава современиот и демократски свет. Сведоци сме дека Република Македонија не го менува името. Такво право нема никој, ниту народот. Тоа име и натаму гордо ќе го носи нашата Држава, а провизорното решение со кое влегуваме во Светската организација на народите е од времен карактер и тоа само за нејзина внатрешна употреба. Во тој период со меѓународното посредување, односно со помошна на господата на Венс и Овен во непосредни контакти со Република Грција, ќе треба да ги изградиме мерките за јакнење на взаемната доверба.

Од сето ова е доволно јасно дека беа префорсирани сите обвинувања што ги слушавме деновиве за предавство на македонските национални интереси, за предавници на македонската кауза, за промена на името и

што уште не. Но јас тоа го разбирам и го сметам за нормална работа во услови на повеќепартиски систем. Секаде опозицијата е немилосрдна кон позицијата во борба за власт. Меѓутоа, во некои средини тоа се прави доста грубо, па и неконтролирано, дури до лична и морална деградација на поединци од власта, а во други , народски речено на покултурен начин. Сепак мислам и позицијата и опозицијата во сето она што досега се случуваше на нашите политички сцени, беа раководени од една иста цел. Република Македонија да ја зачуваме како суверена и независна држава, да го одбраниме нашето име и нашиот Устав. Само се разликуваме во методите на доаѓањето на тие цели, опозицијата го одбра така наречениот цврст метод кој во основа го елиминира дијалогот со противникот што ќе рече решение преку ноќ. Позицијата се определи за дијалог, а тоа е многу помакотрпен, подолг, но и посигурен пат. А нашиот народ вели подолгиот пат е секогаш пократок и побезбеден. На крајот би сакал да потсетам овде. Првиот дискутант рече во својата дискусија страв ми е да не останеме без држава. Исто и јас се плашам. Ако денес не ја поддржиме таа политика, за приемот во Организацијата на Обединетите нации на Република Македонија, тогаш сме направиле катастрофална грешка. Тогаш продолжува неизвесноста за оваа наша држава.

**ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Мислам дека денеска за Македонија дојде да се прашаме да одиме од Хамлетовското да или не, односно дали ќе бидеме примени во Организацијата на Обединетите нации или не. Републичка Македонија како самостојна и суверена држава повеќе од една година макотрпно го пробива патот до своето целосно меѓународно признавање. Во тој период сите наши соговорници кои се инволвираа по ова прашање не тапкаа по рамото и даваа признавање за нашата кооперативност, за нашето внатрешно

уредување, за мирот што го обезбедуваме во земјата и на поширокоит регион итн. итн. Сите тие говорат дека со нас како држава нема проблем. Признаваат дека целосно ги задоволуваме условите и критериумите за да бидеме целосно признаена држава. Значи, неоспорно е дека аргументите и правдата се на наша страна,а проблемот е во тоа што прашањето има политички димензии. Тоа може да се реши со политички средства и на начин кој нема да ги наруши потесните, глобалните политички интереси и нестабилноста во овој регион.

Според тоа, во прашање е големиот фрагматички интерес на најзначајните светски и политички фактори кои пак не сакаат да си ги распитап односите со некои наши непосредни соседи, а чиј корени навлегуваат длабоко во Историјата, инеретно испреплетени и со мошне блиски фамилијарни и регионални интереси. Згора на тоа таквите сили го имаат и правото на вето, пред се во Советот за безбедност, како и во многу други меѓународни економски и политички асоцијации. Употребата на тоа право би можело РМ од нејзиното пошироко меѓународно признавање да ги стави во фрижидер за еден подолг и мошне неизвесен временски период, зашто очигледно е дека во политиката нема сентименталност/ нема емоции, на правните аргументи, речиси без исклучок секогаш притенуваат политичките, па и воените интереси на големите. Да не е така, сосема е веројатно дека Македонското прашање ќе беше решено во интерес Македонскиот народ уште на почетокот на овој век, уште при растурањето на Отоманската империја. Но знаеме што се случи. Денеска мислам дека политичките, па и воено тешките интереси се битно променети. Може да се рече дека денес во политиката веќе не владее една поинаква логика, а тоа се сите спорни прашања првенствено се решавале на "зелена маса", со

преговори и со дијалози. Тие пак од своја страна нужно водат кон промиси кон взаемно попушташе, доверба, со почетни позиции на заинтересираните страни. Ете поради тоа, наспроти сите пофалби што ги добивме од бројни меѓународни фактори, сеуште изостанува тој пресуден чекор на поширокото меѓународно признавање на нашата држава. Како што реков на почетокот ние денеска мораме да се одлучиме или на рационалното, или ирационалното решение. Ќе продолжиме да се бавиме со политика или ќе поминеме во хазардерство. Значи дилемата е дали да продолжиме да тропаме на старото на строго заклучената голема врата на ист ривер за која не знаеме кога и дали ќе биде отворена, или ќе го искористиме подотворениот споредан влез и ќе го заземеме своето место во Светската есамблеа на народите. Што добивме, а што губиме да се определиме за едното или за другото решение. Влегувањето во ОН, макар тоа било и на мала врата, дефинитивно ја ситуира и ја осигурува во меѓународната заедница како рамноправен член, со сите права и обврски што од тоа произлегуваат и со исти такви права и обврски на меѓународната заедница кон нашата држава. Со тоа престануваме да постоиме како некоја недефинирана територија штос е пресечуваат вековните апетити на некои наши соседи кон ова парче земја, поради кое не еднаш во минатото се водени тешки војни. Потоа, се зголемуваат нашите шанси за влегување во низа финансиски институции и политички интеграции, со што ќе се овозможи и на нашата непречена економска комуникација со светот. И конечно но сигурно, не помалку важно од претходното, тоа ќе значи конечно довршување на многувековната борба на македонскиот народ за создавање на сопствена држава. Определбата на спротивното решение, одбивањето да се влезе во ОН, да не заборавиме зад таа понуда стојат Франција и Англија како и посебни членки на Советот за безб едност, па и некои други држави што веќе не признаа под нашето Уставно име, значи да

се оди со глава низ зид. Што притоа ќе се скрши, сами знаете., Освен тоа процесот на нашето признавање сосема е сигурно, ќе се развлече во недоглед, а тоа би било убиствено за нашето и онака кревко стопанство.

Почитувани пратеници, одбивањето денес да влеземе во Организацијата на Обединетите Нации би значело почеток на губењето на нашата државност и тоа би водело кон палестинизација на Македонскиот народ, како вовед во неговото дефинитивно исчезнување на државата и на народот.

Од овој аспект, главно ние како пратеници, а многу често самите си ласкаме дека сме народни пратеници ја имаме таа историска шанса и не смееме да ја пропуштиме. Ме радува уште повеќе, а мислам дека имаме одредени разбирања кога синоќа и до самиот претседател на Советот за безбедност го слушнав името Македонија. Македонија која треба што побрзо да биде примена во ОН.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од еден час.

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа .

Има збор пратеникот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, кога водевме дебата пред Единбуршката средба на шефовите на Европската заедница до нашето раководство од овде упатувавме, или поединци, повеќе тоа, забелешки за неинформирањето на Парламентот. Дебатата беше слична на вчерашниот почеток на оваа седница кои се доверливите луѓе во власта, кој кому му е должен да дава информации, отчети и слично на тоа. Од тогаш до денес продолжи се продлабочи тој проблем, кога ќе се анализира јавноста на работата, се разбира според Уставот и според другите норми. Информациите станаа уште по затворени. Меѓународната политика уште по стеснета. Доказ за тоа се разбира беше, не случајно таа расправа во врска со тоа имаме ли право, немаме ли право да добиеме документи врз основа на кои се прифаќаат клучни одлуки за судбината на Републиката. Дојдовме до чуден феномен. Извршната власт, тоа е мој впечаток нема доверба во Парламентот. За жал, дел од Парламентот тоа го поддржуваше молчешкум или експлицитно. И извршната власт исто така нема доверба во својот народ. Парламентот не смее да има увид во документите, отпосле ги добивме, јасно, тоа не заборавам. Може само некој да му прераскаже по нешто од нив, не смее да знае ни Парламентот ни народот дали и таква согласност дала нашата извршна власт за прашања за кои апсолутно нема мандат од никого. Ние прочитавме, се разбира, дали има согласност или нема согласност на договорените странки. Или пак го третира и Парламентот и народот како ментално ретардирани пациенти па им или ни објаснува дека тоа што го дала не го дала, или пак не го дала, дека или пак

не го дала на таков начин каков што сме сфатиле дека го дала, или ни објаснува дека тие сакаат така ние не сакаме па еве со сила ни вметнаа една смешна формулација за која се расправаме, се нервираме и се секираме, се разбира.

Се разбира дека ни на крај памет не ми доаѓа да оспорувам нечие право да мисли дека Македонија треба да прифати измени на или измени во нејзиното име. Тоа едноставно не можам да го спорам. Секој има право да мисли и да убедува дека е тоа можеби единственото решение. Но, нивна должност е, ако се службеници на народот, а по дефиниција извршната власт и Парламентот се службеници на народот и избрани од Парламентот да не се ставаат во улога дека се и народот и Парламентот. Едноставно дека ги заменуваат, без оглед на слабостите на овој Парламент и без оглед на тоа кој колку мисли добро за својот народ.

Има прашања за кои со самиот избор добиле мандат да работат, отчетот да го поднесуваат повремено или на крајот, а има прашања за кои е неопходен специјален мандат за да имаат право да прифатат односно обават нешто.

Да се прифатат измени во името на Република Македонија ниту за еден ден, не за два месеца, ако се два месеца, никој нема добиено мандат, без да го прашува тој за кого тоа се однесува. И пак да повторам. Воопшто немам против некој да мисли и да ја брани со сите аргументи таа опција.

Според тоа прва грешка е што е прифатен разговор за измени на или во името на Републиката, според моето убедување, а тоа почна уште од минатото лето. Сега се пласира се разбира тезата не е прифатена промена, дека е тоа некое привремено, повремено провизорно непровизорно итн. со сите дипломатски трикови и од пратениците и од саите можеби, а и ние знаеме дека тоа е започнато одамна, како што реков минатата година

наспроти изјавите од истите лица дека Македонија нема да го менува името. Тоа беше долго време став политички јавно презентиран од нашите најодговорни лица. Тоа е првата стратешка грешка по мое убедување. што не значи дека јас сум во право.

Втора грешка е предолгото одолговлекување да се побара прием во она, наспроти чекањето милост од ЕЗ. За тоа пак има различно мислење. Имавме дури убедувања пред Единбург или нешто по Единбург дека треба да сочекаме нова година, смена во советот за безбедност, поповолни партнери ќе има таму, по наклонети за Македонија итн., но и тие проценки не испаднаа баш така како што испаднаа. Сега се разбира е полесно да се биде попаметен од како се случило нешто отколку пред тоа, и тоа го акцептирам.

Трета грешка е, по мое мислење е што Македонија ќе ги почне разговорите со Грција, ако ги почне, нели, на билатерално ниво со арбитража, не онаква каква што во првиот момент некој бараше арбитерот да пресече, но со посредништво, а арбитражата и посредништвото се сепак синоними, во одредена ситуација со различен квалитет, во лексиконите така барем пишува. Но, разговорите ќе ги почне под името Бивша Југословенска Република што всушност претставува исполнување на грчкиот услов, а тој услов е прво сменете го името па потоа може да разговараме. Така и се случи иако ние велевме дека ние нема да прифатиме претходни услови за да седнеме со грчката страна да разговараме. Сега прифативме претходен услов за да седне Грција со нас да разговара, а како ја толкуваме сега синтагмата Бивша Југословенска Република, измена, неизмена и слично на тоа, тоа е пак се разбира друга приказна и секој има свој мотиви и свои разбирања за тоа прашање. Значи се тврдеше дека нема разговор за името, па имаше разговор за името. Се тврдеше дека нема прифаќање на промена на името, па има прифаќање

промена на името. И сега се тврди нема прифаќање на промена на името, но пак има промена на името. Жонглерај бесконечен. И ако може отворено да се каже, тој што ја држи позицијата дека нема друго решение, има промена на името, мора да прифатиме. Тој што мисли обратно нека докажува дека се заложува за обратниот став.

Се тврдеше нема нова арбитража, меѓутоа работите многу лесно може да се сведат преку ова посредништво на арбитража заради тоа што имаме искуство како посредниците работат и во кој момент договорените странки ги притиснуваат на едно или друго решение.

Секој ден изминат во преговорите што ќе се одвиваат после ова прифаќање убеден сум дека ќе го стегаат обрачот околу нас за нови отстапки. И последниве реакции сега што ги имаме, веќе после обраќањето на претседателот на Републиката до македонската јавност говорат за грчкиот однос кој ќе го продолжат, а Грците ќе можат секогаш да ги прекинат преговорите бидејќи основното веќе го имаат во џеб. Пред себе имаат бивша Југословенска Република и потоа ќе продолжат за понатаму од тоа.

Се тврди дека "од нас не е барано ниту е прифатено да го менуваме името на нашата држава, да го менуваме Уставот, да ги менуваме пасошите и било што друго, да комуницираме со светот, со сите држави во светот п и во самите на ОН, па и од наша страна под некое друго име освен уставното име РМ. " Така се тврди дека тоа не е 6араt Тогаш сами ли си го предложивме ова име Бивша Југословенска Република Македонија.

Понатаму се тврди дека од резолуцијата се избриша дека на Македонија и се наметнува провизорното или преодно име. Таа синтагма се избришала, Бивша Југословенска Република Македонија. Значи не се избришало Бивша Југословенска Република но се избришала квалификација дека Бивша Југословенска Република Македонија значи

провизорно или преодно име и тоа е голем дипломатски успех во борбата за формулациите. Ја нема таа синтагма провизорно име, останува само во рамките на ОН. Значи не со државите и целиот свет туку само за потребите во рамките на ОН на нашата делегација да и се обраќаат како на делегација од Бивша Југословенска Република Македонија. Тоа е крунското тврдење во објаснувањето на сите овие нешта дека е тоа привремено, се на се за два месеци до кога треба да се решат некои остварени прашања во односите со Република Грција. Што значи ова. Прво значи дека не се барало промена но се барало и се дало согласниот да ни се обраќаат со Бивша Југословенска Република Македонија. Тоа се многу големи контрадикторности во објаснувањата на вештото. Народот вели "не е врат шиј е" за вакви силогизми.

Се вели дека се избришала синтагмата провизорно или преодно име ама останало провизорното и преодно име Бивша Југословенска Република Македонија, што е евидентен пат и што го читаме комплетно. Се вели дека тоа што испаднало од текстот како провизорно и преодно, а останува да не нарекуваат Бивша Југословенска Република Македонија ќе трае најдолго два месеци. Па ако е работата само за два месеци зошто не почекаме до крајното име, зошто за тие 2 месеци ни се брза да мораме да ги менуваме сите документи, -комуникацијата ќе се наметне комплетно под Бивша Југословенска Република Македонија. Па да почекаме 2 месеци. Се разбира дека одговорот е јасен зошто, а тој одговор е дека во тој случај Грција нема да седне да преговара со нас. Ако не постои тоа провизорно име нема Грција да седне да преговара, што значи не натера на масата наспроти неа да се појавиме со провизорно, со друго име или со описно име, кој како милува нека употреби таква квалификација за синтагмата Бивша Југословенска Република Македонија.

Не натера како што вели претседателот на Републиката во обраќањето да се појавиме со смешно име. А кој има право да го претставува својот народ под смешна формула, синтагма, опис, ако тој народ не дал согласност под таа смешна формула да биде претставуван. Така е квалификуван од наша страна предлогот дека е смешна таа синтагма.

Се вели: "нашата Влада нема никогаш и под никакви услови да сето согласи со името Бивша Југословенска Република Македонија" тоа е пратено во обраќањето на Владата. Што значи ова? Прво дека се согласила привремено баш со тоа име, тоа значи и усмено и писмено и второ дека се согласува со друго име што не е уставното име на Републиката, а пак во соопштението се вели дека Македонија нема да го промени имено, затоа што вели експлицитно дека Македонија никогаш нема да прифати името Бивша Југословенска Република Македонија. Не вели во текстот дека Македонија нема никогаш да отстапи од своето уставно име РМ. Значи ова привремено да но ќе дојде друго што пак не е уставно име. Сакам само работите да ги отвориме јасно а друга е битката кој се согласува со промена на името, кој не се согласува. Тоа е доволно Грција и другите да навалат врз уставното име на РМ и ќе навалат. Што ќе биде исходот од преговорите тоа ќе биде потоа приказна што ќе ја чуеме и ќе ја видиме.

Се вели дека тоа ќе биде употребувано само во рамките на ОН. Можеби договорите се сега така, такви се ветувањата во рамките на службите на ОН, функционерите на ОН итн. Прво Обединетите нации се всушност целиот свет собран. Второ веќе држави веќе ни се обраќаат и усмено и писмено, со името Бивша Југословенска Република. Некои држави веќе спремаат печати, факсимили и во комуникацијата комплетно ќе мора да се измени тоа. Ќе биде сега два месеци или 20 или 200 месеци ќе

комуницира и нашето стопанство и нашата администрација под тоа име. Пак можеме да дискутираме дали на некој тоа му значи нешто или не му значи нешто. Ги оставам тие теми за дискусија и секој да се определува според вкусот и своите естетски и вредносни судови, а ваквото комуницирање веќе почнува да тече. На радиото во Србија веќе има Бивша Југословенска Република. Друг термин нема да има. На границите долу нема да има други термини. Тоа нема да биде значи во дворот на она, иако не се сомневам дека на таа линија нашите дипломати разговарале и барале решенија, барајќи најмало зло во даденава ситуација. Според тоа со резолуцијата првата голема отстапка е направена, тоа е голема отстапка за неизвесен и недоговорен исход однапред, истото како што се случи пред Единбург кога овој Парламент на чуден и смешен начин расправаше за синтагмата Република Македонија- Скопје. Сакавме да се убедиме дека тоа треба да го прифатиме, сакавме да покажеме кооперативност, компромисност, модерни термини во Европската и светската дипломатија и кога ни тоа не помогна и тоа го одбијг дванајсмината и слично на тоа. Сега се наред другите отстапки. И тие јасно се соопштуваат од жилавата грчка страна, бескомпромисна, безобразна со една платформа, во секој случај фашистичка и која што упорно кја поддржува ЕЗ. Во ЕЗ упорно се поддржува фашистичката теза затоа што сите државјани на Грција се Грци. Тоа е фашизам. Тоа се поддржува, светот не му се спротивставува и ние се разбира влегуваме во тој механизам. Така да на ред се другите откажувања. Основното барање да се откажеме од малцинството македонско во Грција и тука ќе биде најголемото барање и битка на Грција и од тоа тие нема да отстапат. Тогаш ќе се прашаме дали вредеше пак што прифативме сега да разговараме за името и да понудиме отстапка во врска со името. Симболите ќе бидат на дневен ред, некои одредби на Уставот

итн. За симболите е друга приказна, тоа се инфантилности од сите страни кога држави и Влади се расправаат за симболи. Но и ние не бевме тука во одредени моменти можеби на висина на задачите.

Нема да прифатиме натамошни отстапки, можеме даречеме ние, нели? Ќе имаме цврст став тогаш. Еве понудивме едно друго трето, повеќе нема. Да, но преговорите се прекинуваат и смешната формула и натаму останува, бидејќи Грција веќе има Бивша Југословенска Република и преговорите ќе ги одолговлекува, прекинува итн. и двата месеци нема да бидат 2 месеци, прашање е колку ќе бидат. Пак е сега работа на естетски вкус и на вредносен суд и на достоинство, и на трето и на четврто, дали пак ете може и со тоа да се живее.

ПЕТАР ГОШЕВ: (продолжение)

Дали има негативности ако се одбие таа формула? Има негативности, но не се согласувам со ставот на политичкото и државното раководство, врвот што сега одлучува дека настанува смак на светот, дека Македонија ќе ја снема, дека ќе умреме,дека незнам ова ќе се случи и т.н. Заплашувањата кои што се прават цело време, за да се изнуди политичка волја претерани се. Ако на народот не може да му се обезбеди леб, нема систем што произведува леб добар, ние наместо да работиме на тоа му велиме, е слушај ние тоа не го завршуваме, но ако не биде така ќе имаш војна. Според тоа, бирај меѓу тоа што немаш доволно леб и војна. И се разбира народот ќе одбере да нема доволно леб, бидејќи војната е пострашна од таа работа. Значи тие тези за постојано заплашуваше на народот од полошата варијанта се познати во системите на владеењето. Ако се сеќавате на филмот "Името на розата" ученикот го прекршува учителот свештеник зошто свештенството го плаши народот? Тој му одговара, заради ѓаволот. А зошто заради ѓаволот, па за да има господ кој што ќе го спасува народот од ѓаволот. И така полесно се управува.

Но, сега да се вратам на ова конкретново. Дали навистина има негативности ако се одбие таа формула. Се разбира дека има негативности и мислам дека е нереално да се очекува дека нема да има одредени потешкотии кои што во моментот не можат можеби сите да се предвидат како што не може да се предвиди ни другото во овој момент до крај. Можни се натамошни економски и комуникациски притисоци од Грција, ќе продолжат комуникациските проблеми со другите држави, ќе">имаме проблеми со патни исправи, ќе имаме проблеми со визи и слично на тоа, не можеме да седнеме здраво да преговараме со меѓународните финансиски институции ако сме се одлучиле и ако мислиме дека финансиските

институции од странство, меѓународните ќе ги решат економските проблеми во Македонија само нас да не признаат, што е исто така голема заблуда бидејќи ги имаме математиките економски со другите источно- европски земји, со земјиве што се веќе признати и членки на ОН што добија, за кое време добија, колку добија и слично на тоа. Прво, ќе мораме да го вратиме ова што сме го изеле досега милијарда и двеста, милијарда и триста милиони долари, прво за тоа ќе мора да поразговараме со нив сериозно па потоа нешто друго ќе можеме да добиеме од нив. Не увреди ли сега проценувајќи ги и последиците ако не се прифати, вреди ли да се истрпи сега тоа што може да се случи во поотежнати услови да се одминуваат деновите можеби и годините ако Македонија не ја прифати оваа формула за да не му биде скршен рбетот на нашиот народ и да не се влезе во една мошне неизвесна постапка полна со ризици, да не се влезе во некои игри без граници за кои што нема однапред утврдено до каде сето тоа може да се одвива. Можеби некој ќе посака да реплицира дека рбетот на народот му е скршен ако биде доведен до просјачки стап што е точно. Но, што правиме, ако ни го скршат и рбетот и потоа нема економски поправки заради тоа што сме дозволил да ни го скршат и она што е лично достоинство, национално и т.н. Како тогаш ќе ја оправдаме ситуацијата во која што сме влегле? Народ кој не е способен да го одбрани својот идентитет,секогаш е без рбет, но и секогаш е без пари. Заедно одат и двете работи. Да престанеме да создаваме нова илузија дека парите ќе потечат од странство и дека Македонија ќе биде со таа формула после тоа Елдорадо. Македонија е презадолжена, таа нема кувет за нови долгови, ниту пак ќе добие така лесно кредити како што реков. Заради тоа пренагласена надеж што набрзо може да се покаже како илузија да не се продаде заради тоа нешто што не смее да се продаде. Како треба да се постапи според моето мислење? Тие

што дале согласност за тоа смешно име да ја повлечат согласноста. Приказните во кои се кажува дека тие не признаа така, а ние не се согласивме да бидат ставени на дневен ред само кога и ако се постави на дневен ред. Што јас лично можам да сторам освен да го кажам ова. Навистина долго размислував. Не се согласувам со оваа политика на внатрешен план. проблемите се запоставени, цело време свртеноста е кон ова прашање и од тие што треба да работат нешто друго на внатрешен план безусловно се врзуваат проблемите во Републиката безусловно и пренагласено за меѓународното признавање заради тоа што така се мисли, објективно некој така мисли, или заради тоа што делува како одличен убедлив аргумент, или изговор. Кога ги изложувам моите ставови во пратеничката група на чија страна седам особено кај некои забележувам нервоза. И бидејќи разликите станаа очигледни незанемарливи што бездруго ми е жал и сакам да останеме пријатели ако политички не мислиме исто да не бидеме противници како луѓе. Сакам да приложам уште еден мал доказ дека не се согласувам апатично да се поднесува оваа дезорганизираност пред се на извршната власт, нејзината неискреност. од добри намери претпоставувам, наводно да се направат некои проблеми, нејзините не баш демократски методи, не е демократија ако органот што ги бира треба да биде ускратуван со разни изговори од ноторни информации кои што му се потребни во одлучувањето, а моето спротивставување на тоа кај нив да предизвикува нервоза. И тоа не ми е воопшто драго како човек имајќи го предвид поминатото време. а

Затоа објавувам дека од денес и формално не сум член на Социјалдемократскиот сојуз ^аплауз).

Нема потреба од тоа, затоа што нема да одам во ВМРО, нема да одам во ниедна партија што е тука и дека на нови избори ќе се појавам

само со нов политички субјект, или со нова политичка партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира со ова му правиме мала отстапка на господинот Гошев. Инаку не е дозволено да се пропагираат партии од оваа говорница.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници, јас се извинувам за малото задоцнување.

Ние сме повторни исправени пред тешка дилема да бидеме примени во ОН, или не. Дали е тоа историска шанса да бидеме примени во ОН со нашето уставно име, или видоизменето како што ни предлагаат трите европски земји. Под уставното име ни се спротивставува Грција која има свои сојузници во големите сили. Ние сме сами. Во сите наши заклучоци и документи на Собранието ние сме биле наполно јасни за уставното име на Републиката како и во Меморандумот на претседателот на Република Македонија ако соопштението на Владата од 30.03. 1993 година и обраќањето на претседателот на Републиката Киро Глигоров на македонската јавност се децидни, тука нема дилема за уставното име. Кои се аргументите за прифаќаше на приемот на нашата Република во Обединетите нации? Прво, подобро е да седиме во ОН и на зелена маса да преговараме како рамноправна членка за дефинитивно расчистување на спорните прашања со Грција отколку да не бидеме примени, па да сакаме посредници кои ќе ги пренесуваат нашите молби што може да трае подолго, со години и да не се знае кога светот ќе не прифати.

Второ, името Македонија останува, не се менува, а тоа е битно и суштествено.

Трето, предлогот на Англија, Франција и Шпанија за бивша ЈУ Република Македонија е категорично одбиено од нашата Влада и претседателот на Република Македонија, па затоа нема што да се расправа за тој предлог.

Четврто, зарем уште треба да бидеме непризнати надвор од Обединетите нации, без пасоши, без име во светот, да не шиканираат по границите на европските држави, па и секаде по светот со исклучок на некои земји што не признаа.

Петто, на кого му е интерес да бидеме во економски хаос стопанството да пропаѓа, безработицата да расте, инфлацијата да галопира, штрајковите да ја парализираат целата Република, да projачиме по светот за помош во лекови, храна, нафта и друго и да јадеме корења како што некои ни велат. Тоа може да биде само во интерес на нашите соседи кои едвај чекаат таква состојба да се роди кај нас. Опасноста за нашата безбедност и сигурност се многу поголеми како не призната и надвор од Обединетите нации, отколку призната и под закрила на Обединетите нации. Воениот виор не е многу далеку од нас. Тие што велат дека нема никаква опасност од војна, ја омаловажуваат стварноста, а што туку неќна ја изговорија некои опасноста од граѓанска војна, а после тоа се знае што следува, братска помош од некоја соседна армија. Нашиот народ добро ги знае страотиите што ја зафатија БИХ и таа драма на крвопролевање, убивања, разурнувања, страданија кои што никој не ги сака, а кој ги сака нека оди таму да ги види. Со признавањето на нашата Република и зачленувањето во Обединетите нации стануваме рамноправна членка на Светската заедница што овозможува зачленување во сите економски, финансиски, банкарски, carински, безбедносни, научни и стручни и хуманитарни организации, овозможување на кредити долгорочни

и краткорочни, симнување на блокадите за увоз и извоз, гаранции од Обединетите нации и Советот за безбедност на нашите граници. Сето тоа не може да се обезбеди без признавање од светот и за зачленување во Обединетите Нации. Не признавањето го доведува во прашање суверенитетот и постоењето на нашата Република за која се дадени преку 40 илјади жртви при нејзиното ослободуваше. Оваа држава нема никој право да ја крчми на евтин начин. Не прифаќање на компромиси ги врати разговорите и процедурата за признавање назад и можеме да бидеме сфатени како тврди, некомпромисни, не спремни за дијалог и шансите за скоро признавање да се оддалечат од нас за кој знае колку години. Со тоа пролонгирање на признавањето состојбите кај нас многу ќе се изменат на економско поле, на социјален план, на сите сектори од животот. Стопанството ќе колабира, ќе настане економски хаос, инфлацијата ќе расте, ќе настане политички хаос, безредија, социјални, економски и верски немири, а тоа едвај го чекаат нашите комшии, поготово јужниот сосед. Тоа нема^да биде шанка за нас, туку за соседите од сите страни кои и онака се познати со територијални претензии. Кој што мисли дека нема да се одвиваат работите така тој свесно, или несвесно се залажува себеси и тие околу себе. Историската шанса што ја створи АСНОМ за нашата државност и сувереност не се повторува секоја година. Тоа може да биде само еднаш во 100 години, или во повеќе столетија. Останува разумно да размислиме секој од нас пред да крене два прста што не чека со признавањето/ а што не признати и отфрлени од светот и надвор од Обединетите нации.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сосема очигледно е дека вообичаена практика во овој Парламент стана разгледувањето на многу важни, значајни и судбоносни прашања од државен, односно национален интерес да се врши со усни излагања без

писмени документи и од страна на Претседателот на Републиката и од страна на претседателот на Владата, а пратениците да се информираат преку средствата за јавно информирање. И тоа нормално ако човек постојано седи пред радиот и телевизиските приемнници. И што е најинтересно од добро известени кругови од странство. Како што се одвиваат работите изгледа вообичаена вест во македонските средства за јавно информирање ќе бидат информациите од типот: Македонските пратеници од добро известени кругови од Атина дознаа дека господинот претседател на Собранието на Република Македонија свикал седница на македонскиот Парламент. Зошто го велам ова. За да укажам на една катастрофална позиција во која се доведени пратениците, сосема слабо информирани, да немаат редовни информации за состојбите во спроведувањето на внатрешната и надворешната политика на земјата и од Владата и од претседателот на државата иако тоа е и деловничка одредба од Деловникот на Македонија и да не располагаат со релевантни информации потребни за правилно одлучуваше без да бидат вовлечени во импровизации и од повторно добро известени кругови од земјата и од странство. Сето тоа придонесе информации да се изнудуваат на самите седници со предлагање точки на дневен ред и пратениците да добијат епитет на најизвикана категорија граѓани во државата. Нема потреба од образложение, но факт е дека оној кој располага со информациите тој ја владее ситуацијата, па и државата. И тука е основниот проблем што се изроди во овој Парламент прашањата на меѓусебната доверба и помеѓу пратениците во Парламентот и помеѓу институциите на системот во однос на претседателот на државата и Владата на Македонија. Слободно можам да констатирам дека таа недоверба прераснува во нетрпеливост и омраза и тоа како да станува нормално однесување што може длабоко да влијае врз националното ткиво на македонскиот народ, црвот на недовербата да

пушти такви корени и секој во секого да гледа предавник, бугарин, србин, грк и било што друго освен македонец и поделбите да почнат внатре во овој Парламент со методи на специјална војна добро разработени и осмислени независно од кој центар доаѓаат. Сакам да верувам дека намерите и на претседателот на државата и на Владата на Македонија, па и во ова што го докрајчија независно како и на кој начин се добронамерни како што тоа тие не го сметаат, или го сметаат за спротивната страна. Меѓутоа, не можам да најдам доволно аргументи кои можат да ме разубедат дека не сум изманипулиран, не информиран, дезинформиран и едноставно изигран и понижен, а впрочем пред еден од најсудбоносните моменти во историјата на македонскиот народ и сите луѓе кои живеат на овие простори. Ќе се обидам тоа да го елаборирам со следното сврзано со овој епилог на одржувањето ан оваа седница и членството на Македонија во ОН. За Република Македонија (Скопје) дознавме преку телефонското јавување на екс министерот за односи со странство од Лондон очекувајќи Собранието да даде согласност пред почетокот на заседанието на Советот на Европската заедница во Единбург декември 1992 година. Парламентот исто како и на оваа седница го ислуша усното експозе на претседателот на Републиката по повод единствената точка на дневниот ред и разговорите водени во претседателството на Европската заедница се отвори расправа и на крајот претседателот на Собранието констатира цитирам "водиме расправа за да му се овозможи на претседателот да чуе што мислиме ние за да му користи на претседателот за понатамошната работа и ништо понатаму".

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (продолжение)

Си поставувам прашање дали во оваа фарса од седницава а по повод петтата точка, претседателот на Собранието нема да го констатира истото, дека расправата се води само сега за да може премиерот да слушне што мислат пратениците по ова прашање. А и ако сака да слушне од кого да слушне? Од коалицијата? Па таа го дефинирала својот став во одлуките на Владата. И за што? За она што како задолжителна одлука на референдумот е утврдено од 8 септември 1991 година суверена и самостојна држава Македонија без придавки и атрибути Република бивша југословенска или било што друго слично. Или доведувајќи ја самостојно целата состојба во простор без маневар и во слободен пад во воздух, да се постави прашањето, а што нудите за алтернатива? Зарем не е иронија, црн хумор човек да го водиш до провалија, да го турнеш и од ивицата на амбисот да му довикуваш: кажи алтернатива како да го преминеме кањонот, кога од оној што паѓа ќе остане само парче месо.

Колку и да се сакаше да се претставува пред јавноста, па и пред овој Парламент дека пратениците ја утврдуваат надворешната политика, за мене таквото убедување, барем до денеска, не е доволно издржано, бидејќи точно е дека во Парламентот се водеа расправи за прашања од надворешната политика, но секогаш пост фестум отпосле настанот кога ќе се случи и за кој се барало информација како било и зошто било така. Тука можеме да се сетиме сите и на средбите со Милошевиќ односно расправите по тие информации со Паниќ, согласноста на Платформата Глигоров- Изедбеговиќ, давањето согласност на Нацрт- документот на Хашката конференција за Југославија Ние дадовме согласност бланко без воопшто Владата и Министерството надлежно за надворешни работи да почувствува одговорност на пратениците да им се даде во превод текстот

на овој Хашки документ.

За доаѓањето на мировните сили во Македонија добивме информација преку телефонското јавување од Њујорк, при посетата на претседателот на државата кај генералниот секретар на ОН. Сега можеме, навистина, да си го поставиме прашањето зошто кај луѓето се јавува момент на недоверба према тој што го води спроведувањето на извршната власт и политиката во државата. На барањето за причините на доаѓањето на мировните сили во Македонија, а тоа е тесно поврзано со ова прашање за кое денеска расправаме, Владата даде писмено мислење од 12 декември 19 92 година иако лично барав Советот за безбедност на Македонија, како орган утврден со Уставот чиј претседател е Претседателот на државата заедно со Службата за државна безбедност и Генералштабот на Армијата да дадат писмена информација за безбедносната состојба во Македонија за да не си правиме самостојно импровизација како пратеници и слободни оценки и проценки што се случува во државата.

Меѓутоа, проценки и показатели за повикувањето на мировните сили до ден денеска не добивме. Ги добивме под известување исто како и сега поранешна југословенска Република Македонија. Одговор на тоа не добивме. Меѓутоа, мене лично нема да ме загрижува зошто се присутни мировните сили во Македонија, не навлегувам во целисходноста на нивното присуство ако Владата најде момент да ги информира овие пратеници кој е присутен во Македонија, со каква цел, каков распоред, кои функции ќе ги врши итн. А јас само ќе ја потсетам Владата на еден цитат од таа информација и нејзино мислење. Цитирам "Бидејќи Советот за безбедност на ОН од 11 декември 1992 година едногласно донесе одлука за упатување на мировните сили во Република Македонија, а неопходно е да се подготви и донесе постапка во постапка меѓународен договор меѓу

Република Македонија и ООН" Повторен цитат:"Собранието согласно членот 68, став1, алинеја 6 од Уставот на Македонија при ратификацијата на меѓународниот договор со кој Мисијата на мировните сили правно и фактички се реализира може да го изнесе своето мислење, односно да го ратификува меѓународниот договор или да го одбие".

И покрај ова мировните сили си дојдоа, си доаѓаат и си одат. Пратениците не добија ништо, никаков договор, никаков закон за ратификација, никаква информација за тоа какви странски сили имаме на територијата на Македонија. Зарем има основа да верувам во она што сега го тврди Владата дека ќе издејствува нешто за што сите сме едногласни за неприфаќање било каква промена на со Уставот утврденото име кое се состои од еден единствен збор Македонија Зашто како да стана редовна практика едно да се зборува друго да се пишува трето да се прави, а четврто да се мисли.

Зошто, според мене формулацијата бивша југословенска Република Македонија не е прифатлива и Владата и Претседателот на државата не требаше воопшто да прифатат или да влезат во некое сценарио за разговор за тоа прашање. Па зарем да кажам имаме некое друго достоинство освен името на државата? Можам да кажам дека е жалосно што приемот на Македонија во ОН стана инструмент за остварување на дневно- политички цели на актуелната политика за да се обезбеди успех на претстојните парламентарни избори и да се обезбедат аргументи на наредните избори во стилот,ако не бевме ние, Македонија ќе беше втурната во војна, во беда, во сиромаштија итн. И, наместо законски да го заокружувавме суверенитетот во правниот, политичкиот и економскиот систем, од 600 закони со кои требаше Македонија да го обезбеди функционирањето како самостојна, но и како правна држава за двегодишниот мандат ова Собрание донесе само околу 20 закони. Зарем

тука ни правеа пречка Грција, соседните држави, Европските земји, големите сили и некој друг. Направивме, вулгарно кажано, правна држава без законска регулатива и воведовме хаос во сите сегменти на стопанството и општествениот живот.

Меѓутоа, неспособноста некој да се снајде во раководењето и управувањето во стопанството и пред се со државата ја прикрија со алибито, па не сме пошироко меѓународно признати која не сме членки на ОН итн. Има држави кои не се признати па економски многу добро функционираат.

Формулацијата бивша југословенска Република Македонија крие огромни опасности по самобитноста и етничкиот идентитет на македонскиот народ и само по себе е причина за дестабилизација и во Македонија и поширокиот регион. Она"бивша" била со мала буква според образложението. Мене не ме интересира дали било со мала голема или средна, за мене е битно дека тој збор "бивша" стои пред целата композиција! на формулацијата југословенска Република Македонија што претпоставува Република Македонија која постоела со тоа име. Новото име прашање е како ќе биде.

Е сега велиме и се вели во образложението државните раководители дека без наша согласност нема ништо да се менува. За мене тоа е само една обична демагогија без никакви гаранции од никого, па и од тие кои тоа го тврдат од оваа говорница.

Еве само неколку цитати од последната 55 седница од 11 февруари оваа година кога исто така овој Парламент расправаше за приемот во ОН. Јас ќе го цитирам доста ценетиот екс министер и од претседателот и од Владата, па и од оваа коалиција, за односи со странство кои меѓу другото на оваа седница во своето излагање кажал следното: цитирам "пораката што ја упатив до претходниот и сегашниот претседател на Советот за безбедност е следната.

Ништо што се однесува до барањето на Република Македонија не треба да се разгледува на Советот, па макар и на неформални состаноци без претходно Македонија да се запознае со предлогот кој се разгледува и без таа да даде свое мислење и своја аргументација. Од Советот за безбедност стаса уверување дека така ќе се постапува".

Или зборовите на Претседателот на државата исто така искажани на ова 55 седница од 11 февруари оваа година. Цитирам:"се препорачува прием на Републиката во ОН со привремено име. Привременото име ќе служи за активностите во ОН, Венс и Овен ќе имаат иницијатива за регулирање на прашањето за името и мерките за доверба. За да се прифати ваков став се бара согласност од Советот за безбедност од Македонија и од Грција и тоа е правната ситуација со тој проблем."

И покрај ова Владата за мене како сакала нека го формулирал прашањето во писмото кое го испратила до Советот за безбедност дала согласност на формулацијата бивша југословенска Република Македонија односно на текстот на Нацрт- резолуцијата и сега имаме јавни изјави. Не прифаќаме формулација бивша југословенска Република Македонија. Јас би поставил само едно прашање, ако сме толку искрени спрема себеси и спрема овој Парламент, па и спрема јавноста нека си остане Владата доследна до крај, па нека не прати претставник во ОН под""тоа име, затоа што не примиле држава со име Република Македонија, примиле некоја држава со име бивша југословенска Република Македонија. Каков спор, тоа го имаше и во излагањето на премиерот, каков спор ќе решаваме дополнително и со кого? Со Грција? Наместо да се прифатеше ставот дека Македонија нема никаков спор во врска со своето име со никого, па дури ни со соседна Грција. Ако Атина^си го менувала сопственото име, тоа е нејзин проблем. Ако била вљубена во името Македонија, а во 1821 година прифатила име Грција а не Македонија и тоа е нејзин проблем. Ако Грците

дури во осумдесеттите години на овој век го открија македонскиот симбол 16-кракото сонце во Вергина и тоа е нејзин проблем зашто во Македонија во Етнолошкиот музеј може да се најде уште пред многу, многу десетици години. Фалсификувањето на историјата дека Македонија била Грчка исто така е проблем на Грција. Ако не постои грчки етнос и тоа е нејзин проблем. Но, тоа не е проблем на Македонија, па токму во прифаќањето на таквата формулација се крие опасноста од она што Грците го сакаат дека таканаречени Македонци живеат во овој простор на бивша југословенска Република Македонија кои тоа не се и треба да си најдат друго име за да се покаже во светот дека Македонците изумреле некогаш а овие се производ на Тито, Комунизмот, Сталин или Коминтерната и дека такви "етнички Македонци" живеат само во оваа бивша југословенска Република Македонија и никаде на друго место. За да веднаш по ова се наметне вториот услов од барањето, па ако сте измислена вештачка нација во рамките на бивша југословенска Република Македонија зошто да имате член 49 за кој ќе се грижите за Македонци во соседните држави. Тоа не е ништо друго, туку експанзионизам и санкционирање во Устав на територијални претензии спрема Грција и затоа треба тој член да го промените.

Дека ако само во бившата југословенска Република Македонија живеат таканаречени според нив Македонци, нема за што да се грижиме понатаму. Сметам дека тоа е една стапица во која ако еднаш се влезе тешко може да се излезе.

Еве уште еден пример како свесно или несвесно и Претседателот на државата со официјални документи ја турна Републиката во таква игра. Во своето обраќање на Претседателот на државата за признавање на Македонија до Европската заедница го кажа следното.

Цитирам: "Ние сме словени дојдени по VI-от век на овие простори и за да не не поистоветуваат со Срби и Бугари се нарековме Македонци по името на областа Македонија што ја населивме. Ние не сакаме да се мешаме во историјата на Грција и да го узурпираме Александар Македонски".

Ако името на етникумот Македонци кореспондира со името на државата Македонија под името бивша југословенска Република Македонија што ќе произлезе? Дека сме бивши југословенски Македонци или југословенски Македонци? Со тоа Грција докажува дека сме вештачка нација и редно е да си го најдеме сопственото име. Да си каже секој кој е и што е дали е Србин, Бугарин, Грк, да се разбуричкаме по историјата на нашите фамилии кој со која власт бил во сродство, во добри односи зависно кога кој непријател од соседите бил господар на овие македонски простори.

Во контекстот на отфрлањето на формулацијата бивша југословенска Република Македонија ќе споменам нешто затоа што некој пратеници го истакнаа тука, меѓутоа, за мене е сосема неприфатливо. За референдумот и манипулациите околу него што исто така некои сега вели, па постои причинско последична врска помеѓу конструкцијата на прашањето за референдум со она што сега треба да го прифатиме како име на државата.

Македонија не стана држава ниту на 8 септември 19 91 година ниту на 17 ноември 1991 година. Впрочем расправите и тогаш во овој Парламент беа сведени на обвинувањата кој е за кој е против референдумот иако лично сметам дека од никој немаше против одржувањето на референдумот. Најмалку кај оние кои беа обвинувани дека се против референдумот, како што и денеска се манипулира со тоа дека некои кои имаат спротивни

мислења од оние на актуелната Влада и коалиција се против членството на Македонија во ОН. Јас не верувам дека и еден пратеник има во овој Парламент и еден граѓанин на оваа држава кој е против тоа. Изгледа некој слабо ги чита материјалите што ги добиваме, па не ги ни погледнуваат иницијативите кои во писмена форма се доставуваат од многу поодамна во овој Парламент за членство на Македонија во ОН. Тоа што извршната власт го спроведува со поспоро темпо, тоа е друг проблем. Разликите беа само во уставниот основ за донесување одлука за референдумот. Имено, ние денеска барајќи Македонија да го преземе членството во ОН, па и Владата се повикуваме на правото на самоопределување на народите. На тоа право се повикуваат и пратениците од ПДП-НДП, тоа е право кое секој како го мисли така ќе бара да му се исполнува.

Се повикуваме на овие меѓународни акти па и Повелбата од ОН на правото на самоопределување на народите за да ја потврдиме својата државност. Меѓутоа, наместо да се спроведуваше референдумот во согласност со амандманот 7 4 од Уставот каде децидно беше утврдено правото на самоопределување на народите како право на самоопределување и на македонскиот народ, подоцна беше, од истите предлагачи, понудена одлука за референдум според членот 163 од претходниот Устав како референдум на работните луѓе за да се донесе одлука согласно членот 314 и 318 од претходниот устав како претходно изјаснување на граѓаните. И што добивме? Тие што гласаа останаа граѓани, добивме граѓански устав, секоја етничка идентификација со Македонец се квалификуваше како нациократија, фашизам, расизам, нацизам, министерот Фрчковски на разните протести бркаше и издаваше наредби да се тепаат фашисти, расисти, нацисти за да од друга страна пак екс министерот Малески патриотите ги нарекуваше нераnимајковци. И она што како иницијатива од самиот Претседател на Македонија за донесување на

нов Устав го добивме дека Македонија е држава на македонскиот народ и држава на рамноправни граѓани што беше едногласно прифатено се покази и ние од нашите уставотворци добивме изведен граѓански суверенитет и граѓанска држава. Замислете, од граѓанинот како правен однос на поединецот према државата ние воведовме категорија граѓани како да се работи за национална припадност. А што е смислата според мене на сето тоа, па и во она што сега се случува со името на државата како граѓанин човекот може да биде и ќе се третира како граѓанин во секоја држава во светот. Граѓани ќе бевме и во турската отоманска империја, граѓани бевме и во поранешна Југославија, граѓани можеме да бидеме и во Голема Бугарија итн.

На сите треба да ни е јасно дека Македонија не е создадена со Уставот од 17 ноември 1991 година и дека на овие простори се водела народноослободителна борба, а не граѓанска војна и граѓански револуции. За мене се почна со процесот на денационализаторски водена политика за да на крајот човекот обичниот граѓанин каже па ако сум граѓанин што е толку важно како ќе се вика државата во која живеам'. Се подготвуваа психолошки моменти и ефекти за да се доведе целата држава во ситуација да се прифати она што сега ни се нуди.

Изгледа на крајот од оваа расправа ќе произлезе дека опозицијата е против, па и не е толку чудно треба и опозиција како имиџ за демократија пред меѓународната заедница, па и грчката опозиција е против оваа Нацрт-резолуција на ОН во грчкиот Парламент. Точно, но во Атина се расправа за промена на нашето име, а ние овде не расправаме за промена на името на Грција, туку сами се убедуваме во стилот "оваа дупка не е дупка", тоа го правевме и со Република Македонија Скопје, тоа го правиме и сега.

IX/10.-

Затоа сметам дека треба да се имаат предвид и следните факти кога расправаме за ова прашање. Начелата на Повелбата на ОН и на универзалната декларација за правата на човекот, меѓународните пактови за правата на човекот, завршниот документ на Конференцијата за европска безбедност и соработка па и начелата на Париската Повелба за нова Европа според која сите потписнички на овие документи се обврзале дека ќе ја почитуваат рамноправноста на народите и нивното право на самоопределување што подразбира право на сите народи на целосна слобода за одредување кога и како што сакаат на својот внатрешен и надворешен политички статус без мешање од надвор и слободна волја за определување на своето име и идентитет.

**ТОДОР ПЕТРОВ**:(продолжение)

Како и по своја волја да го остварат својот политички, економски, општествен и културен развој и почитувајќи го територијалниот интегритет на државите.

Понатаму македонскиот народ во втората светска војна Народноослободителна војна водеше на целата етничка територија на Македонија, но заради влијанието на големите сили својата македонска држава ја возобнови само во Вардарскиот дел на Македонија и во постојните граници со државно- правните акти на АСНОМ, на 2 август 1944 година. Тука треба да се имаат предвид и гаранциите што ги доби Македонија како самостојна држава на 2 август 1944 година што се обезбеди со присуство на сојузничките мисии на Првото заседание на АСНОМ на кое што беа присутни делегати и претставници од сите делови на Македонија. И <£актот дека Македонија во поранешна СФРЈ пристапи како самостојна и суверена држава , а дел од нејзините суверени права на поранешна СФРЈ ќе ги пренесе дури со првиот Устав на Македонската држава донесен на 31 декември 1946 година, во кој што децидно стои "Државната власт на сопствената територија Народна Република Македонија ја остварува самостојно".

Затоа сметам, на крајот, дека не треба Владата и претседателот на државата под какви и да е услови и притисоци да прифатат промена на единственото и многувековното име на државата, отфрлајќи ги притоа ваквите игри со овие нацрт- резолуции, кои ги нудат држави, кои што биле главни учесници во првите и балканските војни на овие простори во Првата и Втората светска војна. Дека целосно се отфрлува прифаќањето и наметнувањето на формулацијата Поранешна Југословенска Република Македонија, макар и привремено освен името утврдено со Уставот, како и

било каков компромис за државното знаме на Република Македонија. Дека Македонија нема никаков спор во врска со своето име со никого, дека е тоа нејзино суверено право, право на македонскиот народ самостојно да ја нарекува државата за која се определил да живее заедно со сите граѓани во истата, независно од нивната етничка припадност и потекло и дека Македонија не може да се откаже од грижата за положбата и правата на Македонците и деловите на македонскиот народ во соседните држави во согласност со меѓународните договори, како што тоа истото треба да го прави за сите свои државјани, а во рамките на политиката миролјубива што ја води оваа држава би требало да се иницира, бидејќи тоа сите соседи многу одамна го предлагаат и го прифаќаат , свикување на една конференција за Балканска безбедност и соработка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, не сакам да навлезам во мотивите и аргументите, кои Владата ги имала при оценката дека е добро Република Македонија да влезе во ООН , притоа да го заокружи својот државно правен и политички субјективитет и за време на употреба во рамките на организацијата или надвор од неа да го носи името Бивша Југословенска Република Македонија.

Верувам дека Владата е свесна за теретот на одговорноста, која што во овој момент таа го носи , меѓутоа, не само како Влада на Република

Македонија, туку како единствен субјект, кој сам во овие пресудни моменти одлучува за опстојуваљето и на Македонија како држава, меѓутоа, и за опстојувањето на името на Република Македонија.

Што се однесува до мене, а очигледно дека мојот став бидејќи не ја знам целта на денешнава расправа, односно на информацијата и на што она ќе одлучи Парламентот, впрочем тој и не беше прашан во досегашната процедура дека ниту денес, ниту после ќе се согласам дека сум граѓанин на Бивша Југословенска Република Македонија. Рокот кој што овде е спомнат овде во Декларацијата од посредување од два месеца и покрај тоа што досега бев некој оптимист и во ова Собрание и надвор од него не ми пружа никаква гаранција дека во нашиот назив ќе остане името Република Македонија. Зошто го зборувам ова? Ова го зборувам од причина што и оваа Влада и официјалната власт постојано не убедуваше, веројатно, од најдобронамерни причини дека и нашето признавање и името низ една долга борба ќе стигнеме до нив, меѓутоа, еве ние сме повторно на почетокот. Само не знам дали на почетокот на крајот на оваа држава. Она што морам да го кажам , се додека и оваа држава и нејзините официјални претставници не се ослободат од комплексот на инфериорноста во кои што ние сме мали, мали како држава, мали како народ и се додека не кажеме дека ние колку да сме мали, колку да сепак имаме територија толку колку што ние, не постоиме сме опстојувале низ вековите, ќе опстојуваме понатаму и дека на сите оние кои што треба да одлучат за нас и те како им е стало до нашиот став, ние нема да стигнеме до ниту една победа во Дипломатијата.

Она што морам да го кажам е пред се својот најостар протест против дезавуирањето и оттргнувањето на Парламентот од политичката сцена во која што овде и постојано се вели, Парламентот односно РМ живее во парламентарна демократија. Простете, господа пратеници ние во овој момент живееме во парламентарен мрак. Зошто? Затоа што и ние досега немавме никаква информација од она што се случува и на порастот на дипломатијата и од се она што е во врска со признавањето на РМ.

Во оваа прилика колку и да се звучи тоа иронично ќе мора да им заблагодариме на грчките средства за јавно информираше кои во психолошката војна да не разубедат дека не треба да го носиме името Македонија ни пружаа какви такви информации за тоа до каде е стигнато со признавањето на РМ. Овој Парламент не го сочува својот дигнитет. Членот 79 од Деловникот за кои впрочем барав и вчера процедурално да расправам и ми беше ускратена таа можност, бидејќи навистина изгледа и покрај тоа што сум во првиот ред не се гледам вели иницијатива односно претседателот на Собранието дава иницијатива за претрес и за разгледување на одделни прашања на Собранието. Јас морам да потцртам и да потврдам овде, а барам тоа и да влезе во записникот дека нашиот претседател на Собранието веројатно оценил дека ова не е тема за која што Собранието треба да расправа. Затоа што Деловникот тоа му го нуди како обврска и должност и воедно требаше да има барање од пратеници или од пратенички групи за да воопшто дојде до седница, па ако било задоцнето барањето веројатно и седницава е задоцнета.

Парламентот постојано е ставен во позиција на ретроградно разгледување и одлучување или пак во поделба на одговорноста за нешто

за кое што воопшто досега не учествувал. При тоа, за мене беше порано и вчера што во експозето на претседателот на Владата повторно овој Парламент беше изедначен само како јавност. Па, беше речено она што беше поделено на јавноста можеме да го добиеме и ние. Во ниту една држава , почитувани пратеници, за едно вакво прашање, морам да кажам, за кое што постојано се бара декларативен државен консензус не постои позиција и опозиција. И жално е, според мене, при што не мислам да ги навредам оние кои што се носители нас власта во овој момент да сметаат дека се исклучиви сопственици односно е исклучив сопственик на државата во која што живееме. Па, сопственици се и оние кои што седат на левата страна, сопственици се и оние кои што не се застапени во Парламентот, сопственик на оваа држава е народот на РМ. Така, ние не можеме да кажеме, ние сме сега на власт и ние сме тие што ќе одлучуваме. Се додека за едни и други мислиме дека сме непријатели, односно додека мислиме едната страна не и мисли добро на оваа држава или пак тоа го мисли другата страна, ние нема да дојдеме до тој државен консензус. При тоа, морам да потсетам дека во своето излагање на 55-та седница барав од претседателот на Републиката, чии што напори во признавањето и во полето што Република Македонија на тој план ги бара, ги признавам и мислам дека многу повеќе да направи од она што беше направено, да побара затворена седница односно да има иницијатива за една затворена седница или пак да побара седница на која што би присуствувала не само во кој што ќе нема позиција и позиција, туку ќе побара и претставници на вонпарламентарните партии за да направиме една глобална политичка стратегија на натамошниот план на признавањето на Република Македонија.

Јас морам да кажам дека ние ваква глобална политичка стратегија немаме, дека таа не ниту краткорочна, ниту долгорочна и дека ако сеуште тоа не го направиме, а морам да кажам дека ова се последни моменти, барем додека ја имаме државата тоа да го направиме, се плашам за исходот и не само на името, туку за исходот на опстојувањето на државата, на името и воопшто на народот во оваа Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Спировски.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам со својата дискусија и имам намера не да нанесам некоја штета, меѓутоа, така една чудна атмосфера владее во овој Парламент просто нешто нелогично се случува за прашање од витален национален интерес да има поделеност на мислењата особено помеѓу парламентарни групи. Тоа ние апсолутно нејасно и воопшто се плашам за крајот како ќе заврши оваа седница со каков заклучок.

Можеби однапред ќе аплицирам еден заклучок, односно едно сугерирање до политичките водачи на парламентарните групи, едно нивно состанување за изградуваше јасен и недвосмислен став. По ваквите прашања нема никакви недоразбирања туку едноставно и просто мора да постои општ национален консензус.

Она што сакам да го искажам во оваа моја дискусија, ако се однесува на, главно, на излагањето на Владата, она што го примивме од Владата во вид на експозе усмена информација, а нешто и во писмена форма како строго доверлив карактер е во следното. Не прифаќам воопшто од

вчерашната дискусија на господинот претседател на Владата Бранко Црвенковски одредени работи по ова прашање да има таен односно доверлив карактер. Не можам тоа да го прифатам од едноставна причина што сите акти кои оделе пред Меѓународната заедница се акти кои се читаат, објавуваат, а тука во Македонија каде што е извориштето, каде што е проблемот тие акти да имаат доверлив карактер односно да имаат некоја улога, која овој народ не смее да ја знае односно цел свет да ја знае вистината, само македонскиот народ да не ја знае вистината и ќе сметаме на тоа во одредени моменти ако и се постигне одредена дипломатска победа незнам дали воопшто ќе биде дипломатска победа, меѓутоа, со средствата за јавно информирање со медиумите понатаму лесно ќе се справиме со овој народ, бидејќи истиот е како да кажам различен, недефиниран и ќе може лесно да се убеди. За тоа може да послужи последното писмо кое еве јас свесно ќе го прекршам Деловникот, е добиено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа немате право, не можете тоа. Тоа не смеете, режимот до доверливост не може да си го утврдува секој сам, само тоа што е за јавност, тоа ќе го кажувате. Ве молам, немојте така и ве молам да се држиме до законите :на оваа земја.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Меѓутоа, да се навратиме на темата која е и проблем на овој Парламент. Проблемот на меѓународното признавање. Сметам дека овој проблем премногу долго се влече односно еве веќе 17 месец како ние имаме поднесено барање, а не сме примени. Сметам дека на еден мошне непрофесионален начин успеавме овој проблем толку долго да го влечеме помеѓу европските и светските институции. Воопшто не ми е јасно како

успеавме цели девет месеци ова прашање да го држиме пред Европската заедница . Меѓутоа, кога ќе се навратам за сите наши потези до некаде работите добиваат и некоја логичност, односно и фактички сето она што сме го работеле го заслужуваме и она што го добиваме. Тоа го гледам од едноставна причина што во сите оние наши барања упатени до овие меѓународни институции никогаш не сме имале јасен и прецизен став. Се некоја несмисленост, некое нејасно барање, некое повлекување, па наново барање итн. Премногу се заморивме со проблемот на Грција, така што секогаш сме во ситуација да се браниме. Се нешто Грција истакнува и бара, а се ние нешто одговараме, се браниме, па повторно наоѓаме некои други аргументи, на место проблемот јасно да се постави на рамноправен начин на екви дистанца, да ги назначиме ние проблемите кои ги имаме таму и кои ги побаруваме према нив, да видиме проблемот со правата на Македонците во Грција да ги истакнеме пред меѓународните и светски институции да видиме што е проблемот со одземената земја итн., ние постојано сме во позиција да се браниме да кажуваме и постојано еден агресивен став проблемот, проблем, денеска е проблемот со името, утре ќе е проблемот со територијалните претензии, задутре со знамето, Грција ќе истакнува нови барања, а ние ќе се браниме, ќе се браниме.

Сметам дека крајно време е оние кои ја претставуваат оваа земја и сите ние кои учествуваме во градењето на таа политика еднаш за секогаш да имаме еден јасен, недвосмислен став. Тој став е барем по ова прашање за мене сосема јасен и недвосмислен и јас незнам од каде овие напори и од кого доаѓаат овие напори за на ова предметно прашање да се додаваат некои додатоци во однос на името или незнам какви модификации. Дури тоа се случува и во актите кои ги упатува ова раководство односно претставници на ова раководство до меѓународните светски институции.

Еднаш за секогаш треба јасно да се назначи проблемот а проблемот мора да биде решен по универзалните светски правила кои се пропишани во ОН, фактички, по мое строго убедување сметам дека заблудата ние ја чиниме. Не некоја Грција или некои други заинтересирани страни. Проблемот е токму од тука, од внатре. Сметам дека кога го зборувам ова, пред се мислам и ќе ве потсетам за една скора седница која ние ја имавме, незнам која беше по ред, меѓутоа беше проблемот со Меморандумот на господинот претседател кој требаше да се упати до ООН. Уште тогаш ние баравме конкретизација на одреден прашања од тој Меморандум, ако се сеќавате. Уште тогаш инсистиравме дека не се сложуваме со никаква бивша,тоа конкретно да биде ставено токму во тој меморандум. Меѓутоа, што се случи? Добивме писмо од Владата која до пред некој ден постапува така како што баравме меѓутоа,дозволивме еден акт да еволуира толку долго време пред ОН и да имаме нова ситуација. Изгубивме драгоцено време, околу два месеци, со тоа што доведовме во заблуда некои светски институции дека проблемот може токму на овој начин да се реши и сега еве денес ние треба да изградиме став дека не прифаќаме никаква додавка на името, односно проблемите наново со тоа што ќе чекаме сега Грција да видиме што ќе ни каже па ние да дадеме одговор итн. Јас мислам дека е крајно време сите ние тука да изградиме еден став, да ја градиме оваа земја, да ја градиме оваа држава, крајно е време, затоа што последиците се страшни. Не се толку страшни во однос на меѓународното признавање. Проблемите се економски карактер, кои се секојдневни. Тука беше баш и спомнато од Владата едно убедување и кажува, ако бидеме признаени, тогаш работите ќе тргнат многу подобро. Од каде таа идеја дека баш прометот со стоки ќе оди несметано.

Дали некој од Владата кажува дека ние ако бидеме меѓународно признаени под уставното име дека не ќе имаме проблем утре со Србија дека нема да ги признава нашите пасоши ако се задржи оваа постојна политика, дека ќе имаме проблеми во прометот итн. Кој однапред тврди дека ќе имаме несметано економско работење. Дајте да ги погледнеме работите од целосен аспект. Јас инсистирам, пошто и се плашам за заклучокот после овие сите наши дискусии дека овој Парламент мора еднаш за секогаш да изгради јасен заклучок. Владата мора да се однесува онака како што ќе каже овој Парламент, затоа што е извршен орган на ова тело, ќе си работи нормално во рамките на своите надлежности, меѓутоа не може по ова прашање да ни кажува некои работи, ќе ги работи тајно или незнам како. Тоа прашање нема никакви тајни. Сосема едноставно е прашањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште господин Славе Наумовски.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, прашањето за меѓународното признавање на Република Македонија Собранието го разгледува во континуитет. Во овој период сите документи кои ова Собрание ги донесе влеваат надеж дека ние и денес и понатаму работиме на планот меѓународно признавање. Педесет и петтата седница на Собранието на РМ заврши со усвојување на заклучоци кои сега се во функција. Тоа значи дека на Педесет и петтата седница ние донесовме 4 заклучоци. Првиот заклучок беше поддржување на актуелната политика на Република Македонија во процесот на меѓународно признавање. Вториот беше поддржување на Извештајот кој тогаш го имавме како актуелен. Трета точка беше поддржување на Меморандумот на претседателот на Републиката кој беше упатен до Обединетите нации и Четвртиот заклучок беше она што требаше да значи понатамошна активност на органите и луѓето вклучени во процесот на признавање на Република Македонија во континуитет околу признавањето пред Обединетите нации.

Според мое мислење, во изминатиот едномесечен период дојде до битни и квалитетни промени во пристапот и односот кон приемот на Република Македонија во Обединетите нации. Вториот дел од 4-тата точка на заклучоците гласеше: "Неопходно е да се преговара, договора и прецизира постапката за прием на Република Македонија во Обединетите нации. Всушност, со оваа прифатена опција на однесување се остваруваат заклучоците.

Нацртот на Резолуцијата за прием на Република Македонија во Обединетите нации во крајно не рафинирана форма не беше прифатлива,

но немаше и друга по која би се вршел прием. Таа Нацрт резолуција со интензивни и тешки преговарања и договарања се доведе во релативно поднослива форма каде приемот би се извршил не со привремено име туку со формулација провизорно, ќе биде наведувана за сите цели во рамките на Обединетите нации "поранешна Југословенска Република Македонија", потоа не е прифатена арбитражата како метод за решавање на одредени релативно постоечки состојби, туку е издејствувано посредување за мерки за градење на доверба и прецизирано е времето од два месеци за излегување со трајни и за нас поволни решенија.

Уште еднаш би сакал да напомнам дека е отфрлено почетното инсистирање да бидеме трајно нарекувани со името "бивша Југословенска Република Македонија" и сегашното, вчерашното однесување на Република Грција со нејзините пријатели од Советот за безбедност зборува за крајно отежнувачките околности под кои се преговара во Њујорк околу приемот на Република Македонија во Обединетите нации.

Приемот на Република Македонија во Обединетите нации треба да биде најзначајната етапа во процесот на меѓународно признавање но не и последната етапа бидејќи ќе следуваат поединечни признанија. Но тоа би било во сосема нови услови на рамноправност, излезена од изолација, од статус на сива и недефинирана зона и со раскрстување со сите историско правни и државно правни врска со државите во чии рамки Република Македонија порано била. Ова ќе биде голем момент во историското живеење на македонската нација и државност. Едновремено приемот е важен и заради зачувуваше на безбедноста на Република Македонија во однос со соседите и зачувување на мирот на Балканот. Впрочем, ова се и вчерашните зборови на досегашниот претседавач на Советот за

безбедност при Обединетите нации, новозеландскиот амбасадор Теренс О'Брајан.

Вековната борба на македонскиот народ за создавање своја држава, сега за нејзино меѓународно признавање, меѓународна афирмација и стабилност , ние се наоѓаме на клучна точка на врвот на историската острица и треба да се сплотат сите сили, со успех да ја завршиме оваа активност. Затоа, синоќешниот апел на Сојузот на студентите на Македонија за консензус на политичките сили околу приемот на Република Македонија во Обединетите нации треба со почит и одговорност да се земе предвид. Критиките, дезинформациите и нападите кои сега се вршат од некои кругови во нашата земја всушност го отвораат прашањето зошто тие луѓе и тие политички сили се ставаат на страната на платениците за влегување на Република Македонија во обединетите нации. Обидите што тие ги прават кај македонскиот народ да се побуди чувство на пониженост и чувство на предавство имаат за цел само да доведат до масовно спротивставување на приемот на Република Македонија во Обединетите нации, што би довело до катастрофа за нас и како народ и како држава. Затоа, во нас влева доверба само мирот и трезвеноста со која македонскиот народ и сите граѓани на Република Македонија следат и ја поддржуваат оваа наша исклучително важна и тешка борба за меѓународно признавање на Република Македонија и зацврстување на нејзината меѓународна положба-

**СТОЈАН АНОДВ:**

Сега прекинуваме со работа.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,10 часот).